Секое утро **Утрински брифинг** на www.**slobodenpecat.mk** / www.**slobodna.tv**

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918

**Малески**
За имунитетот на демократијата



**Дерала**
Вистината е откриена, пандемијата е антимакедонски заговор



макс. дозволено 50 µg/m3
Велес
248 µg/m3
PM 10
mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 6 | 17 |
| Охрид | 5 | 12 |
| Битола | 3 | 13 |
| Маврово | 0 | 8 |

**ВТОРНИК 14 АПРИЛ 2020** | Број 1934 | Година VIII | **WWW. SLOBODENPECAT.MK** **15 денари**

**Епидемиологот ги навреди здравствените работници**
Лекарите невнимателни со опремата или Жарко Караџовски со изјавите?



страница 2

**Олеснување и стравување:**
Европа ги ублажува ограничувањата



страница 10

## И покрај смирувачките тонови од Управата за извршување санкции

# Во затворите нема вирус ама има паника

**Олеснување** Првата тура резултати од тестирањата во Истражниот затвор во Шуто Оризари се негативни. Сите 20 резултати од првата група тестирани се негативни. Негативен е и синот на починатиот притвореник од Ресен, кој во петокот е пуштен и е во задолжителна самоизолација вели директорот Есад Рахиќ.

Фотографија **ЕПА / LUCA ROSSETTI**



## Андреа Бочели пееше за надеж на сите во светот

Околу 3,4 милиони ширум цела планета го следеа во живо на каналот Јутјуб настапот на прославениот италијански тенор Андреа Бочели, кој беше насловен „Музика за надеж“. Концертот беше пренесуван во живо од празната Катедрала во Милано, со што беше одбележан католичкиот Велигден. Во еден момент тој запеа и на влезот на „Дуомо“. До вчера вкупно 24 милиони прегледи имаше концертот на слепиот италијански тенор.



**Интервју со презвитер Бобан Митевски**
За Велигден наместо во црква, кажете си лична молитва во својот дом

страница 24

**Економија**
Помошта од 14.500 денари е за да секој добие плата

страница 8

# Хроника

Во текот на неделава ќе ги ставиме во функција двете дополнителни лабораторији, едната во МАНУ и другата во Судска медицина, со што ќе се зголеми можноста на тестирања од 50 на 100 и ќе се елминира долгото чекање на резултатите. Добивме донација од 20.000 тестови за дијагностика на антитела, па во Дебар ќе направиме скрининг на 20 до 30 отсто од вкупното население за да го процениме имунитет.

**Венко Филипче**, министер за здравство

**Конфликт** Епидемиологот ги навреди здравствените работници

## Лекарите невнимателни со опремата или Жарко Карацовски со изјавите?

**Ракување** Епидемиологот доктор Жарко Карацовски завчера рече дека дел од медицинскиот персонал во земјава се заразил со коронавирусот зашто неправилно ракувал со заштитната опрема. Лекарите ова го дочекаа со бурни реакции на негодување.

**Мирослава Бурнс**

Лекарите му се налутија на епидемиологот доктор Жарко Карацовски, затоа што на завчерашната информативна емисија рече дека дел од нив не знаат како да ја користат заштитната опрема кога ги лекуваат пациентите од ковид-19 и дека тоа придонело делумно во процесот да се заразат дел од здравствените работници од коронавирус во земјава. Епидемиологот рече дека, како дел од својот професионален ангажман, последниот месец патувал низ цела Македонија.

– Лично се уверив дека на некои места има непочитување на протоколите за правилно користење или докористување на заштитната опрема, бидејќи лицата што ја носат прават пауза за цигара, па ја користат истата заштитна опрема. Или, несоодветно ја вадат опремата зашто има протокол по кој редослед се вади и се става. За таа цел спроведовме едукација од Клиниката за инфектологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Меѓутоа и онлајн може медицинскиот персонал да се запознае како тоа се спроведува. И второ, дружбата на одреден медицински персонал во времето кога не работат со пациенти, пиење кафе, пушење цигара и џафка-муабет од една страна, а од друга страна некои од нив можеби се заразени и во домашни услови. Секогаш го земаме предвид однесувањето на медицинските кадри и во домашни услови, или одење по комшии, во продавница. Постои можност да се заразени и на својата професионална должност, но само ако несоодветно се користи опремата. Зошто немаме заразен ниеден доктор на Инфективната клиника? Затоа што процедурата ја почитуваат стопроцентно – рече доктор Карацовски.



↑ Фотографија **Profimedia**

Ваквата изјава предизвика лавина коментари и реакции на негодување од медицинскиот кадар од сите нивоа на здравствената заштита. Медицинарите се навредија, а дел од нив се налутија.

Специјалистот по абдоминална хирургија на Клиниката за дигестивна хирургија во Скопје, доктор Горан Беговиќ, за „Слободен печат“ вели дека изјавата на колегата Карацовски е навредлива и понижувачка за здравствените работници.

– Излегува дека сме несовесни и дека тоа била една од причините поради кои сме се заразувале, поради тоа што сме пиеле кафе и сме имале непосреден контакт. Тоа дека не сме се соблекувале и облекувале соодветно е голема навреда за нас. Јас сум хирург 30 години и можам да ви потврдам со сигурност дека не е така. Тоа е нешто што го учиме уште на почетокот. Но, еве да претпоставиме дека има доктори и сестри што се необучени за тоа. Па тие требало да ги обучат, и тоа не со видео обуки, туку на лице место – вели доктор Беговиќ.

Тој смета дека изјавите на Карацовски се неумесни, особено во момент кога здравствените работници се најизложени на инфекција со САРС коронавирусот 2.

– Досега немам слушнато официјално лице кое ја раководи и ја менаџира оваа пандемија во својата држава да даде ваква изјава – додава доктор Беговиќ.

И докторката Гордана Николиќ од Куманово, која беше инфицирана со ковид-19, коментира дека е лично повредена од изјавата на доктор Карацовски.



**Сведоци сме дека секаде во светот најизложени на инфекција со САРС коронавирусот 2 се здравствените работници. Досега немам слушнато официјално лице кое ја раководи и ја менаџира оваа пандемија во својата држава да даде ваква изјава.**

**Д-р Горан Беговиќ, специјалист по абдоминална хирургија**

„Ајде да повториме која маска штити од близок контакт со заболен, а некогаш мора да си блиску. И да повториме дали собите каде што лежат заболените, имаат добра вентилација и проветрување бидејќи болните кашлаат цело време. Не сакам и не смее некој да ме става во неодговорни, тоа е повреда на мојата личност. Може да има пропусти во работата на некои работници во здравство, но не генерализирајте, не плукајте по здравствените работници бидејќи тие се најизложени на ризик при нивната работа. Најдете каде е проблемот и решете го“, напиша доктор Николиќ на својот фејсбук-профил.

Министерот за здравство Венко Филипче неодамна во интервју ги коментираше оценките како тие на Карацовски.

– Во делот на нормалниот работен процес на лекарите е да знаат како се става и вади опремата. Тоа го има во прва година средно медицинско училиште, како се ставаат стерилни ракавици се учи во прва година средно. Јас верувам дека секој тоа е испочитувано – рече министерот.

Според последниот извештај на Институтот за јавно здравје, заклучно со 11 април регистрирани се 117 случаи на заболување од коронавирус меѓу здравствените работници.

**Инфективна.**

### Четворица починати, 26 новозаболени

• Четворица пациенти починаа на Клиниката за инфективни болести. Двајца се од Скопје – пациентка на 79 години и пациент на 63-годишна возраст, 58-годишен од Велес и 67-годишен пациент од Прилеп, соопшти вчера Министерството за здравство.

Во последните 24 часа, до вчера напладне, дијагностицирани се 26 нови случаи на ковид-19: по четири лица во Скопје и Тетово, 11 во Куманово, во Прилеп – тројца, во Велес двајца и по еден во Кочани и во Пробиштип. Со нив, вкупниот број на дијагностицирани пациенти во нашата земја достигна 854 лица.

Во Штип вчера се регистрирани тројца оздравени пациенти од ковид-19, кои со лесна форма на болеста се лекуваа во домашни услови. Во истиот период се направени 330 теста. Преку Институтот за јавно здравје – 317, преку Ветеринарен факултет – 13, „Авицена“ – 9, „Биотек“ – 24 и Клиника „Жан Митрев“ – 71. Досега во земјата се направени вкупно 8.552 тестирања на коронавирус. Најмногу заболени има во Скопје 316, во Куманово 211, во Прилеп 75 и во Дебар 49.

**Апел од Манчевски.**

### Активирајте ја апликацијата „Стоп корона“!

• Апликацијата „Стоп корона“ е достапна на мобилните уреди и е изработена според најновите светски практики за откривање близок контакт со потенцијално заразени лица. Апликацијата дава брз одговор на здравствените експерти за тоа со кого заразениот бил во близина последните 14 дена, помага да се информираат потенцијално инфицираните лица за насоки за самоизолација, тестирање или лекување, мерки за детекција на заболените лица во услови на зголемен број заболени, растоварување на здравствени работници за анкетирање и спречува ширење на ковид -19.

- Апликацијата е важна затоа што информира за можна изложеност на вирусот, помага за заштита на здравјето на нашите најблиски и докажува дека сме солидарни, со тоа што побрзо се спречува ланецот на ширење на вирусот. За да ја постигне целта, потреба е масовна употреба од сите граѓани. Апелирам што помасовно да ја симнат оваа апликација. Важно е да ја симнат веднаш и со тоа даваме личен придонес во борбата со оваа здравствена опасност – рече вчера министерот за информатичко општество Дамјан Манчевски.

**Загриженост** И покрај смирувачките тонови од Управата за извршување санкции

# Во затворите нема вирус ама има паника

**Олеснување** Првата тура резултати од тестирањата во Истражниот затвор во Шуто Оризари се негативни, вели директорот Есад Рахиќ.

Соња Христовска Угриновска



↑ Фотографија **MIA**

**Веќе е втор месец како затворениците не користат никакви бенефиции, што ја зголемува нивната нервоза, стравот и психичките кризи. Очекуваме наскоро притисокот да попушти, вели Стојановиќ.**

Во затворите и во казнено-поправните домови во Македонија до овој момент нема заболени од коронавирусот, но затворениците се напнати, што е нормално во оваа ситуација, информираше вчера директорот на Управата за извршување на санкции Јовица Стојановиќ. И според Есад Рахиќ, директор на Истражниот затвор „Скопје“, од досега изработените тестови на притворениците и вработените, сите резултати се негативни. Негативен е и синот на починатиот притвореник од Ресен, кој бил притворен за истото дело, но во петокот е пуштен и е во задолжителна самоизолација.

Состојбата во затворите е во фокусот откако минатата седмица во притворот во Шутка почина притвореник што се жалел на болки во градите, за кој постхумно беше утврдено дека боледувал од коронавирус. Тој немал респираторни симптоми, а во притвор бил од 8 март.

- Сите 20 резултати од првата група тестирани се негативни. Ги очекуваме резултатите и од останатите тестирања, по што ќе ѝ соопштиме детали на јавноста. Во затворот се засилени заштитните мерки, дезинфекцијата се врши три до петпети дневно. Обезбедив засилување од дополнителни двајца лекари од здравствениот дом, а набавив и брзи тестови - вели директорот Рахиќ за „Слободен печат“.

Директорот на Управата за санкции Стојановиќ вели дека деновиве и лично се уверил колку строго се почитуваат сите пропишани мерки за заштита и неговиот впечаток е дека „затворите веројатно најмногу се дезинфицираат од сите институции во земјата“.

- Ги очекуваме резултатите од тие тестови што треба да ги соопшти директорот на Истражниот затвор во Шуто Оризари. По информацијата дека притвореник починал од коронавирус, таму беа спроведени сите заштитни мерки, одредена е самоизолација каде што има потреба и се направени епидемиолошки анкети. Во сите затвори редовно се врши дезинфекција и најстрого се почитуваат пропишаните мерки, а има и доволно средства за дезинфекција и заштитна опрема за чуварите и за другите вработени. Впрочем, само тие евентуално можат да го внесат коронавирусот во затворите, затоа што само тие контактираат со затворениците. Посетите се забранети, а затворениците не излегуваат на викенди - вели Стојановиќ за „Слободен печат“.

Од друга страна, изолацијата на затворениците и стравот од смртоносниот коронавирус си го прават своето, па тие се вознемирени и напнати.

- Тоа е нормално во оваа состојба на светска пандемија. Од 10 март се забранети сите посети на затворите и еве веќе е втор месец како затворениците не користат никакви бенефиции, што ја зголемува нивната нервоза. Дел од затворениците имаат право двапати месечно да користат отсуство за викенд, има затвореници кои секој ден излегуваат, работат и се враќаат во затворот и сега сите тие излези ги нема, како и посетите. Се зголемува и стравот, како и психичките кризи, но затворениците имаат право да извршуваат работни задачи во затворските кругови во рамките на програмите за ресоцијализација, а за проблемите можат да разговараат и да се советуваат со нивните воспитувачи итн. Состојбата со вирусот е непредвидлива за сите. Очекуваме при крајот на месецов да се разлабават мерките во државата, па ќе попушти и притисокот во затворите - вели Стојановиќ.

Во затворите сите новодојдени лица се чуваат привично 14 дена во изолација во посебни простории, а лекари секојдневно ги прегледуваат. Во најголемиот затвор во Идризово во моментов има околу 1.100 затвореници, за чија здравствена состојба се задолжени тројца лекари и четири медицински сестри.

Според Евростат, во Македонија има 146 затвореници на 100.000 жители, што значи дека вкупно има околу 3.000 затвореници.



**Сите 20 резултати од првата група тестирани се негативни. Негативен е и синот на починатиот притвореник од Ресен, кој во петокот е пуштен и е во задолжителна самоизолација.**

Есад Рахиќ, директор на Истражниот затвор „Скопје“

Во продажба се нашите ВЕЛИГДЕНСКИ ИЗДАНИЈА!

- Извадок од библијата (новиот завет) од периодот од Подготовка на Тајната Вечера до ИСУС ХРИСТОС ИМ СЕ ЈАВУВА НА СВОИТЕ УЧЕНИЦИ.
- Боенки за деца

Дел од средствата ќе бидат донирани во ХУМАНИТАРНИ ЦЕЛИ.




ART PRINT STUDIO
Арт Принт Студио: тел. 02/3063194
www.artprint.mk; artprintstudio@gmail.com

Изданијата може да ги најдете во сите продажни места на Слободен печат

**Во Турција заглавена норвешка донација за Македонија.**

# Додека пристигнат подарените 25 респиратори, може да застарат!?

Од Владата велат дека има проблеми со испораката поради состојбата со коронавирусот во земјите што ја најавиле донацијата, но и покрај тоа на клиниките има доволно респиратори - вкупно 120, од кои 90 во Скопје.

**Соња Христовска Угриновска**

Донацијата од 25 респираторни машини наменети за Инфективната клиника во Скопје сè уште е заглавена во Турција. Оваа донација ја најави вицепремиерот Бујар Османи уште на 26 март, кога рече дека се очекуваат вкупно 55 респиратори, од кои 25 се од норвешката амбасада, а уште 30 се купуваат со помошта од ЕУ и треба да се произведат и да се испорачаат од Кина. Тој тогаш рече дека респираторите се во депо во Турција и Владата разговара за деталите како да се транспортираат до Скопје поради отежнатиот земски транспорт. Имаше опција да се донесат и со товарен авион, но тоа досега не се случи.

## Респиратори има, а ќе дојдат и од Кина

Од Владата велат дека на клиниките има доволно респиратори.

- За респираторите што требаше да пристигнат како донација има проблем со испораката поради состојбата во земјите што неа ја најавија. Во моментов располагаме со 120 машини за дишење, од кои 90 се во Скопје. Пред неколку денови во Министерството за здравство се отворија понудите за респираторни машини во постапка во која предност се дава на рокот на испорака. Засега имаме доволен број респиратори. Според светската статистика, околу 5 отсто од 1.000 заболени се на респираторна машина, што значи на бројка од 1.000 пациенти се претпоставува дека ќе има 50 пациенти што се на респираторна машина. Според последните податоци од Институтот за јавно здравје, 14 пациенти се на респираторна машина, а 19 на кислородна поддршка, велат од Владата за „Слободен печат".

За 30 респиратори што треба да се набават од Кина со помошта од ЕУ, Османи најави дека ќе треба да се почека, затоа што во моментов 100 земји бараат машини за дишење од Кина, а ги нема на лагер туку теково се произведуваат и се испорачуваат.



↑ **Според последните податоци од Институтот за јавно здравје, 14 пациенти се на респираторна машина, а 19 на кислородна поддршка.**

## Респираторите сè повеќе се избегнуваат

Од друга страна, развојот на пандемијата со коронавирусот низ светот и добивањето нови искуства и знаења почнува да ги става респираторите во втор план кога треба да се спасува животот на болниот од ковид-19. Лекарите почнуваат да ги избегнуваат машините за дишење и се обидуваат да ги спасат критичните пациенти со други протоколи за лекување или со поинакво користење на респираторите.

Проблемот кај механичките вентилатори е што го пренесуваат кислородот под висок притисок во белите дробови, а тие не функционираат и не можат да го издржат притисокот. Освен тоа, болните се под анестезија и интубирани, а остануваат на респиратор по пет и повеќе денови. Опасноста може да се намали со ограничена количина на притисок и намалување на волуменот на вдишувањето што го пренесува машината. Лекарите им даваат кислородна поддршка на пациентите со маски или цевки во носот и ги легнуваат во различни позиции, меѓу кои и на стомак, за да може да навлезе повеќе воздух во разни делови на белите дробови.

Минатата недела и министерот за здравство Венко Филипче потврди дека публикациите покажуваат дека смртноста кај пациентите што се поставени на респираторна машина како последица од коронавирусот е околу 98 проценти. Тој објасни дека при најтешката манифестација на болеста и покрај сите преземени мерки, за жал, за пациентите не може да се направи ништо.

**Ковид-19** Зошто се појавуваат „лажни" резултати

# Тестовите посигурни од тестирачите

**Несоодветно земен примерок, несоодветно чување и транспорт до лабораторијата, несоодветно чување на реагенсите, некомпетентност на персоналот и непочитување на протоколот за манипулација со примероците се најчестите причини кои можат да дадат „лажен" резултат на тестот.**

**Мими Шушлеска Петкова**



Во јавноста се појавија сомневања во веродостојноста на тестирањето откако се појавија неколку случаи кај кои тестот бил прво негативни и тоа двапати, а потоа дал позитивен резултат.

Тестовите што се прават во Институтот за јавно здравје, односно во лабораторијата за вирусологија и молекуларна дијагностика се тестови што ги препорачува СЗО. Тоа се т.н. молекуларни тестови, со кои директно се открива присуство на вирусот. Во Институтот велат дека овие тестови се прилично веродостојни, но секогаш се можни „лажни" резултати.

- Како и при секој вид лабораториско испитување, не само микробиолошко, така и при ова постои можност да се добијат лажно негативни резултати. Причините за тоа се многу. Најчесто е несоодветно земен примерок за анализа, несоодветно чување на примерокот и транспортирање до лабораторијата, но постојат и други причини какви што се присуство на супстанции од самиот примерок кои вршат инхибиција на реакцијата, некомпетентност на персоналот, непочитување на протоколот за работа, несоодветни реагенси, несоодветно чување на реагенсите, непочитување на мерките на безбедност при манипулација со примерокот, и секако виремијата т.е. количеството вирусни честички во примерокот од пациентот и стадиумот од болеста - објаснуваат од ИЈЗ.

Примерок за микробиолошка анализа се зема само од лице што има развиено симптоми на инфекција со новиот коронавирус (висока температура, сува кашлица, тешко дишење). Со тестирањето се прави обид во земениот примерок да се детектира присуството на т.н. вирусна нуклеинска киселина, а со тоа да се потврди инфекцијата. За секој пациент се препорачуваат два примерока, и тоа еден од горнореспираторниот тракт (од носот) и еден од долнореспираторниот тракт (од грлото). Микробиолозите велат дека тестовите што се прават во Институтот за јавно здравје се прилично сигурни, односно „осетливи".

- Скрининг тестот има осетливост од 5.2 копии на вирусната РНК (рибонуклеинска киселина) во реакција. Првиот тест за конфирмација (потврда) има осетливост од 3.8 копии на вирусната РНК во реакција, додека вториот тест за конфирмација е со осетливост од 8.3 копии на вирусната РНК во реакција. Ова укажува на високата осетливост на тестовите со кои располагаме - објаснуваат надлежните.

Другиот тип тестови што се прават се т.н. серумски тестови, односно со нив се открива присуство на антитела кои имунолошкиот систем на човековиот организам ги создава како реакција на присуство на вирусот. Но, овие се сметаат за помалку веродостојни, затоа што антителата може да се појават во организмот и поради некоја друга причина, не само како последица на инфекција со ковид-19.

**Потресно убиство.**

## Непознати мотивите на синот кој го закла татка си

• Пред јавен обвинител вчера беше изведен 24-годишниот Д.А. кој доцна претходната вечер околу 23:15 часот, по семејна расправија во семејниот дом на улицата „Бигла" со нож го прободел својот татко, 55-годишниот С.А. од Скопје.

Тој на пат кон клинчкиот центар „Мајка Тереза" им подлегнал на тешките повреди.

Причината за расправијата засега е непозната за полицијата. Сега осомничениот син со нож му нанел неколку убодни рани на таткото.

Ранетиот сам се обидел да отиде до комплексот клиники и да побара лекарска помош, но поради обилното крвавење починал пред Клиничкиот центар.

Од страна на полициски иследници запленет е ножот со кој е извршено убиството, а против Д.А. е поднесена кривична пријава за убиство.

Зошто за врвовската номенклатура се важни само маските од Словенија и Унгарија, а не и оние од Чешка, ниту пак 66-те милиони евра од ЕУ или 1,1 милион долари од САД? Некои популисти и во оваа криза остануваат исти.

Љупчо Поповски

# Трибина

ТОП TWEET



**Ненад Стевовиќ**
Не се јавувам веќе кај психологот за совет, цело време само нешто се жали...



**Александар Дојранлиев**
Ако може телевизиите да ни пуштат Новогодишна програма од 2003-та, со скечеви помеѓу 3 песни. Фала.



**Витомир Долински**
На почетокот беше зборот. За крај, станавме само бројки..

**Избор колумни.**

## За имунитетот на демократијата



**Денко Малески**
Инбокс 7

Пандемијата на коронавирусот покажува дека многу либерални луѓе се спремни, барем привремено, да се откажат од своите демократски принципи само за да се справиме со злото. Исто како по терористичкиот напад од 9/11, кога повеќето Американци ги прифатија без противење проширените безбедносни мерки и тајното следење, како и други форми на ограничување на човековите слободи.

Добро, куќата ни е во пламен и се очекува сите да придонесеме да се изгасне огнот на коронавирусот. Меѓутоа, идејата дека ништо друго не е важно е плитко размислување. Треба секогаш да мислиме и за имунитетот и на демократијата. Во каква состојба ќе биде демократијата во светот кога ќе заврши пандемијата?

Артур Розенберг, германски марксистички историчар, во 1932 година го пишува својот влијателен политички есеј „Фашизмот како масовно движење“. Розенберг корените на фашизмот ги наоѓа во реакционерните масовни движења од деветнаесеттиот век. Овие движења пропагирале ултрапатриотски национализам, расизам и омраза кон левицата и кон демократијата. Значи, иновацијата што ја вметнуваат фашистите од Италија и од Германија во формулата на нивното владеење не е толку во идеологијата која е само имитација на раните традиции на конзервативната и радикална европска десница, туку во употребата на вооружени банди во борба против левицата и демократијата. Оттаму, и денешната грижа да не се запостави овој опасен политички вирус на фашизмот и, преку пасивизација на општеството, да не му се создадат услови да прерасне во епидемија.

На крајот од оваа пандемија сите држави во светот ќе бидат соочени со сериозен избор. Заедно да почнеме да создаваме едно поправедно домашно општество во еден поправеден свет, или секоја држава одделно да дозволи да продолжи еден трагичен циклус на пренесување на моќта врз државата онака како што ќе се мултиплицираат неволјите на човештвото. Имено, ако човештвото продолжи во истиот пат на брутална и неограничена експлоатација на ресурсите на планетата Земја, кои, пак, се ограничени, ова со коронатa ќе почне зачестено да ни се повторува, во еден облик или во друг.

Отсуство на светска грижа за климатските промени, за неконтролираниот раст на популацијата, за ограничените количества воздух и вода, да не ги споменувам болестите на сиромашните народи, сега е веќе јасно, ќе ги погоди и најбогатите земји во светот. Таквата негрижа за заедничкото добро на планетата Земја, во корист на еден хипериндивидуализиран капитализам што почива врз егоизмот, во наредните декади ќе предизвика епидемии, енормен пораст на немаштијата, преселба на народи и драматични климатски промени. Ова, денес, сè уште е политичко прашање.

Но, стрелките на часовникот покажуваат пет до дванаесет. Кога оваа состојба ќе стане реалност во која луѓето масовно се разболуваат и умираат, барањето на алтернатива ќе се наметне со сета драматика. Но, таквата состојба е шанса и за вирусот на фашизмот.

Тоа што сме мала земја, не значи дека и во нашето општество не постои политичкиот вирус на радикалната десница - ултрапатриотскиот национализам, расизмот и омразата кон левицата и демократијата. Во услови на голема економска криза и невработеност, каква што би можело да следува по пандемијата, човечките суштества стануваат помалку отпорни на оваа политичка зараза - во Македонија, во Европа или во Америка. Затоа треба напор, секојдневна борба и оптимизам да се сочуваат слободата, демократијата и либералната држава.

Тоа што сме мала земја не значи дека и во нашето општество не постои политичкиот вирус на радикалната десница - ултрапатриотскиот национализам, расизмот и омразата кон левицата и демократијата. Во услови на голема економска криза и невработеност, каква што би можело да следува по пандемијата, човечките суштества стануваат помалку отпорни на оваа политичка зараза - во Македонија, во Европа или во Америка. Затоа треба напор, секојдневна борба и оптимизам да се сочуваат слободата, демократијата и либералната држава.

**Став.**



↓ **Мендо Димовски**

## Историјата за коронавирусот?!

Како што учев, и навистина така сакав да ја сфатам историјата како учителка на животот (Historia est magistra vitae). Сепак, немам објаснување зошто не сум ја засакал во помлади години за да можам побрзо и полесно да ги надополнам празнините што сум ги почувствувал низ животот. Не сакам, а и не можам да признаам дека не сум научил многу од оваа „Magistra vitae“, но често сум се прашувал дали навистина е таа вистинската учителка на животот?! Тоа ми се случувало кога не сум можел да се справам со некоја невистина, или пак, така ми се причинувало, бидејќи врз моето сознание извршиле влијание пишувачите на историјата, кои можеби и за себе ја пишувале?! Така, намерно или ненамерно, вистината може да остане незабележана. Или, пак, ако затреба, вистината се прави и дотерува според нечии аршини.

Втеран во изолација од коронавирусот, се прашувам и за него што ќе забележи историјата?! Дали и тука ќе се појават некои прекројувачи на вистината што ќе влезе во историјата?! Ако и за оваа вистина така тргнат работите, историјата како учителка на животот, веќе не е учителка. Таа станува несигурен сведок за минатото и за вистината. Затоа се појавува дилемата и јадежот на сомнежот за вистината. Но, кој може да докаже чија е вината за невистината?! Ако навистина вистината не е вистина, лагата ја брише трагата?!

Така, изгледа дека нашата учителка на животот, не била само наша, туку заедничка?! Инаку, зошто нè убедуваат и уверуваат во таквата историја, а нашата ја оспорија?! И зошто токму нам тоа ни го сторија?! Какви сме ние Македонци, без нашите Егејци, Пиринци и иселеници?! Се прашувам и за нашите прероденбеници, дејци и наследници?!

Но, прашањето сега е насочено кон справувањето со вирусот. Што можеме ние поединечно да му направиме на овој наш заеднички непријател што смртно ни се заканува?! Ништо! Како заедничка опасност и закана, треба заеднички да му се спротивставиме. Тоа ќе го забележи и историјата која ќе остане и ќе се проучува како заедничка.

Таквата логика не важи и за нашата историја што ни ја направија?! Не е таа виросана за да биде заеднички маслосана?! Тоа навистина е спорно и затоа остана нерешено и сторно. И кој сега ќе ги издвои и ќе ни ги даде Гоцета, Јанета, Манета и другите наши „заеднички“ дејци и паметници?!

Не може тука ништо да се направи и поправи?! Сепак, најсигурно е тоа дека минатото не може да биде минато, ако ја нема сегашноста. И обратно: сегашноста, не може да стане минато, ако не остава траги, ако не се забележува поради минатото, но и заради иднината. Тоа мора да се чини организирано, постојано и реално. Тој континуитет мора да постои за да може да се спознае историјата и да се дознае вистината. Бездруго и кога станува збор за вистината и потеклото на коронавирусот?!

Така историјата ќе биде и ќе остане вистинска учителка на животот, а не наша маќителка?!

**Втеран во изолација од коронавирусот, се прашувам и за него што ќе забележи историјата?! Дали и тука ќе се појават некои прекројувачи на вистината што ќе влезе во историјата?! Ако и за оваа вистина така тргнат работите, историјата како учителка на животот, веќе не е учителка. Таа станува несигурен сведок за минатото и за вистината. Затоа се појавува дилемата и јадежот на сомнежот за вистината. Но, кој може да докаже чија е вината за невистината?! Ако навистина вистината не е вистина, лагата ја брише трагата?!**

| ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ |

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 13.4.2020 | **Тираж: 7.200 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**
Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ, СРЃАН ИВАНОВИЌ, МИТКО БИЛЈАНОСКИ, КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**
Лектор **ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА, ВИОЛЕТА КОСТОВСКА, ИВАНА НИКОЛОВСКА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)

**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ 078 337 388**
**АНЕТА ПАРМАЧКА 071 744 688**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

РАФАЛ

# Вистината е откриена, пандемијата е антимакедонски заговор



Џабир Дерала



Конечно, разбравме за што станува збор. Ковид-19, вирусот што затвори четири милијарди луѓе во нивните домови, до денот кога го пишувам ова, заразени се повеќе од 1,8 милиони луѓе низ целиот свет, а починаа повеќе од 110.000 луѓе е - измислен. Да, добро прочитавте, вирусот е измислен! Целта на оваа измислица е едноставна и многу веројатна. Ако човек погледне подобро, се разбира, каде на друго место, ако не на Фејсбук и Твитер, ќе види еден болно очигледен факт. Целиот свет, поточно Западот, скова заговор, само и само да се уништи македонштината.

Вирусот е измислен, се воведе полициски час речиси во целиот свет, за луѓето да останат дома и да не ја видат вистината дека македонштината се уништува преку издавање македонски државјанства и лични карти на мигрантите, кои предавниците како мене ги нарекуваат и бегалци од војната. Вирусот е измислен само и само да не се врати БМБРО-Негативна на власт, да се задржи на власт предавничката хунта. И Борис Џонсон се разболе, принцези и принцови, премиери и звезди, само да се замачкаат очите на светот пред големата неправда против фактите и вистината.

Време е да се соочиме со вистината. Тоа што властите во Њујорк немаат веќе место каде да ги закопуваат мртвите, жртви на коронавирусот, па ги користат и парковите како привремени гробишта - тоа е само димна завеса за да се скријат подлите намери на светот (Западот) и да им се дадат лични карти на мигрантите. Македонски лични карти! Џиновските турбини на светската економија застанаа, авионите се приземјени, се испразнија улиците и плоштадите, театрите, спортските сали, трговските и туристичките центри... Пеперутка да помине низ строгиот центар на Берлин, Лондон или Њујорк, ќе се слушне мавтањето на нејзините крилца. Сите се дома. Сè со цел да се одвлече вниманието на будните и интелигентни македонски патриоти, тие бесплатни чувари на македонската државност, самобитност и интегритет. Но неуспешна е таа завера со планетарни размери. Тука се македонските мудреци и патриоти. Тие ископаа длабоки ровови на Фејсбук и Твитер, па херојски испукуваат барутни полнења полни со факти и вистини. Последниот куршум, со конечната вистина, го чуваат за себе, да си пукнат во јуначкото колено, кога злиот, антимакедонски свет, поточно Запад, ќе ги пробие сите линии на нивниот патриотски фронт.

Будните, мудрите, храбрите, но и осамените македонски синови и ќерки, што меѓусебе се нарекуваат браќа и сестри, а секако се поврзани најмалку со кумство и банкарски трансакции, секој ден испукуваат факти и вистини од црешовото топче и пушките малихерки. Прво теренот го чистат со црешовото топче од стражарската кула на белата палата, а потоа маршира пешадијата по бојното ми Фејсбук и Твитер поле. „Те предавници, ви нема спас, секој ден откриваме факти и вистини, не можете да избегате. Ние сме малубројни, но Господ е со нас и пастирот од Будимпешта! За вас нема спас, Америка и Енглеска, биќе земља пролетерска!“ - извикуваат тие, прво во мислите, за вежба и двојна проверка на фактите, а потоа и на глас.

А потоа рефренот: „Нема маски, нема апарати, лекови и лекари, нема правда, нема закон, нема демократија, нема помош, освен ако од белата палата не се нарача, ништо нема, Западот е лош и зол111. Само мигранти, црни арамии и предавници лути, без срам и жал за страдна Маќедоња, цела да е111, Зоран е КРNВ111 Ах, власт, слатка власт...“

**Македонските мудреци и патриоти ископаа длабоки ровови на Фејсбук и Твитер, па херојски испукуваат барутни полнења полни со факти и вистини. Последниот куршум, со конечната вистина, го чуваат за себе, кога злиот антимакедонски свет, поточно Запад, ќе ги пробие сите линии на нивниот патриотски фронт.**

# Трамп и фрустрираните Европејци во карантин



Ивица Челиковиќ

Можеби би било најдобро во време на корона-кризата да се причека со водење дебата која земја применува добри или лоши рестриктивни мерки. Факт е дека сите земји прават напори за справување со кризата со сопствени проценки, специфични според потребите и капацитетите на општеството. Но, судејќи според искуствата во глобални рамки, факт е и тоа дека никој не располага со клуч за најсоодветно решение.

Данска, на пример, која не воведе вонредна состојба, но мошне рано примени драстични мерки со затворање на границите, ограничување на јавните собири, затворање на училиштата и градинките, трговските и фитнес-центри, како и високи казни за прекршителите, сега го менува курсот во борбата против ковид-19. Сега се тргнува од сознание дека како резултатот на острите рестрикции во Данска, ширењето на заразата се одвива мошне бавно. Поради тоа состојбите ќе бидат премногу пролонгирани пред доволно голем број од населението да се здобие со имунитет.

**Критиката на американскиот претседател е несериозна, сметаат шведските експерти, нагласувајќи дека сите што работат со инфективни болести добро знаат дека ваков вид зарази продолжуваат да се шират сè додека не се постигне „имунитет на стадо“, преку вакцинирање или преку доволно голем број имуни. Друг начин да се запре вирусната зараза не постои.**

## Трамп жестоко ја напаѓа Шведска

Против стратегијата за која се определуваат скандинавските земји во борбата против корона, вчера се огласи и американскиот претседател Доналд Трамп. Неговите изјави неретко имаат ефект на долевање масло врз веќе разгорената дебата. На прес-конференција во Белата куќа, Трамп жестоко ја нападна Шведска поради нејзината тактика против коронавирусот, одговарајќи на прашањето каков совет би им дал на лидерите што се против мерките на социјално дистанцирање. „Не верувам дека ги има многумина такви“, смета Трамп, додавајќи дека сите што биле против социјално дистанцирање, сега почнале да ограничуваат, како, на пример, Велика Британија. „Шведска се измачува мошне многу“, потенцира американскиот претседател.

Трамп веднаш доби одговор од шведскиот државен орган за јавно здравје, од каде што еден од најистакнатите профили, епидемиологот Андерс Тегнел, вели дека „е сосема јасно оти е мошне напорно во Шведска, нарочно во здравството, но споредувајќи со ситуацијата во Њујорк, каде што по игра на случај имам роднина кој работи таму, кај нас нештата функционираат добро“.

САД и Шведска избраа две сосема различни тактики во борбата против ширењето на заразата. Шведска со поблаги рестрикции продолжи да ги држи јавните дејности отворени, основните училишта, градинките и ресторантите не се затворени – додека САД се определи токму за спротивното, затворајќи ги училиштата, теретаните и угостителските објекти. За разлика до Шведска, каде што се препорачува претпазливост на јавните простори и социјално дистанцирање, од другата страна на Атлантикот се повикуваат американските граѓани да останат дома.

САД е една од земјите што се најсериозно погодени од корона-кризата, со речиси 400.000 потврдени случаи на заразени од ковид-19. Доналд Трамп сепак смета дека силните рестрикции придонеле да се спасат стотици илјади животи. Во својата критика околу стратегијата што се применува во Шведска, Трамп го допре и прашањето

**Никој не може да понуди идеално решение, но секоја влада се соочува со потребата да реагира итно и навремено. Подобро мерките да бидат драконски, и можеби предимензионирани и претерано рестриктивни, отколку утре некој да биде обвинет дека покажал слабост и неефикасност токму кога најмногу се очекувало да биде – бескомпромисен и решителен.**

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

# Политизирање на дарежливоста



**Сашо Ордановски**
Цивил медија

Речиси и да нема аспект на здравствената криза во која ВМРО-ДПМНЕ добро се снаоѓа. Толку е очигледно дека се уплашени од тоа што сегашната власт - во која и тие, парадоксално, технички учествуваат - добро се носи со предизвиците без преседан по здравјето и опстанокот на нацијата и дека тоа, апстрактно речено, ним им нанесува „политичка штета“. Зошто? Бидејќи само враќање на власт им е во главата. Ништо друго. Затоа досегашното успешно менаџирање со кризата ја прави опозицијата политички парализирана како уплашен зајак, кој на сред пат ќе биде осветлен од фаровите на камион што доаѓа. Само е прашање на момент кога навистина ќе летнат во ендек.

Цела недела потрошија за пропагандно да докажат дека тие, како партија, благодарејќи на пријателството со Орбан и Јанша, донеле медицинска помош во државата... Добро. Браво. Ај сега одморете малку... А додека паузираат, убаво би било да смислат став зошто не сакаат да се откажат барем од дел од државните пари наменети за партиите, бидејќи со тие милиони навистина би можело многу повеќе да се помогне во кризава.

На свој начин, и нашата опозиција е дел од еден светски тренд на политизација на медицинската помош. Во таа работа најдалеку е отидена Кина, се разбира. Откако смртоносниот вирус се прошири низ целиот свет од пазарите за храна со преполни тезги од егзотични животинки во Вухан, Кинезите влегоа во голема

> Кога е некој во неволја - а (кинескава) вирусна пандемија е со глобални катастрофални размери - не гледа многу во „забите“ на „подарениот коњ“. Но не треба да се заборави дека во меѓународните односи не постојат такви работи како „бесплатни ручеци“, „евтини кредити“, „големи донации“... Цената, обично, е вклучена во „пакувањето“ што се испорачува подоцна.

здравствена, но и пропагандна операција за поправање на својот разнишан глобален углед. Жозеф Борел, шефот на ЕУ за надворешна политика, на крајот од март оцени дека во овој кинески напор има „геополитичка компонента“, вклучувајќи и борба за влијание преку спинување на „политиката на дарежливост“.

Но, многубројни угледни медиуми низ Европа и светот (Блумберг, Би-би-си, Ла Стампа и други) во последните недели објавуваат стории за проблематичните аспекти на кинеските комерцијални и донаторски медицински испораки. На пример, словачката влада потрошила 16 милиони долари за да набави „брзи“ кинески тестови за вирусот, за откако ја провериле нивната точност, словачкиот премиер да изјави дека тие се толку несигурни, што најдобро би било „директно да се фрлат во Дунав“. Шпанците, поради слични причини, вратиле назад во Кина 50.000 брзотестирачки китови. Во Чешка просекот на точноста на тие тестови потфрла со дури 30 проценти, а во Турција, која во март набавила неколку илјади слични кинески тестови, официјално е констатирано дека нивната сигурност е под 35 отсто од случаите. (Во Турција потоа се набавени тестови од друга кинеска компанија, со точност од 90 отсто.)

Слично е и со некои други кинески производи наменети за борба против коронавирусот. На пример, Холандија на крајот од март ја откажала набавката на 600.000 заштитни маски од Кина, бидејќи не ги исполнуваат неопходните медицински стандарди. Истите маски се користат и во САД и во Хонг Конг, иако е констатирано дека специјалните филтери им се сосема несоодветни. Во повеќе земји од ЕУ таа опрема веќе е забранета за употреба. Зборот ми е - нема донаторска помош (па и комерцијални зделки во разни стратегиски области), во кои нема политика. Откако САД, благодарејќи на претседателот Трамп, се откажаа од водечката улога на Американците во низа



меѓународни сфери, тој простор нормално е дека ќе сакаат да го пополнат други големи играчи. Кинезите сè поагресивно влегуваат во тој релативен меѓународен вакуум.

Кога е некој во неволја - а (кинескава) вирусна пандемија е со глобални катастрофални размери - не гледа многу во „забите“ на „подарениот коњ“. Но, не треба да се заборави дека во меѓународните односи не постојат такви работи како „бесплатни ручеци“, „евтини кредити“, „големи донации“... Цената, обично, е вклучена во „пакувањето“ што се испорачува подоцна.

Факт е дека ниту Кина, а ниту кој било друг во светот, не беше подготвен за оваа вирусна пандемија. Всушност, тоа ви е како со земјотресите - чиј здравствен или кој било друг систем во државите може да каже дека е подготвен за такви ненадејни тектонски катастрофи?! Туку, откако ќе се случат, некој подобро, а некој полошо се носи со последиците.

ЕУ и НАТО изгубија неколку месеци во тоа сопствено кризно престројување. Сега веќе се соземаа, па затоа и нивната политика на донации и помош станува сè поефикасна и позначајна под „чадорот“ на земјите што ги покриваат. Македонија е на тој „список“, официјално во НАТО, кандидатски - во ЕУ. Да се нема сомневање, ТОА е меѓународната платформа што ќе ни помогне да излеземе на крај и со оваа криза. И така, меѓу другото, се „исплатат“ сите инвестиции што ги направивме за да влеземе во тоа евроатлантско друштво.

Треба да се биде благодарен на сите медицински и други донации што, поради кризава, пристигнуваат и во Македонија. И за оние од Кина, и за оние од Орбан и Јанша, од Турција, и за многукратно поголемите од ЕУ и од НАТО.

А најмногу благодарност треба да се искаже кон знајните и незнајните донатори од земјава. Тоа се патриотски гестови за почит.




на т.н. „имунитет на стадо“, кој се создава кога доволно голем дел од населението стануваат имуни, така што ширењето на заразата почнува да се намалува. „Стадо. Тие така го нарекуваат тоа, и принудени се да издржат мошне, мошне тешко мачење“, смета Трамп.

Критиката на американскиот претседател е несериозна, сметаат шведските експерти, нагласувајќи дека сите што работат со инфективни болести, добро знаат дека ваков вид зарази продолжуваат да се шират сè додека не се постигне „имунитет на стадо“, преку вакцинирање или преку доволно голем број имуни. Друг начин да се запре вирусната зараза не постои.

### Европејците реагираат на различни начин

Европејците реагираат на различни начин на мерките што ги воведуваат нивните влади, а со кои во низа случаи мошне радикално се интервенира со драстично редуцирање на секојдневните вообичаени рутини и навики. Шведска и понатаму е исклучок, но речиси во целиот остаток на Европа, реалноста е таква што само до пред неколку месеци можеше да се види како некој лош сајнс-фикшн филм, или како опис на животот под некоја од тоталитарните диктатури во претходното столетие.

Но, иако новите строги правила целосно го менуваат животот на луѓето, доведувајќи ги во состојба на тешки искушенија и фрустрации, на многу места наидуваат на разбирање и поддршка. Во Италија, во која се на сила строги мерки на карантин од 10 март, испитувањата покажуваат дека 63 отсто од населението се позитивно настроени кон начинот на кој владата се справува со кризата.

Во Германија тврдата линија на владата против корона-епидемијата придонесе донекаде да се случи и „камбек“ на канцеларката Меркел, која веќе почна полека да се повлекува од политичката сцена. „Мајката на нацијата“ доби преодна оценка дури од 75 проценти од германските граѓани, кои сметаат дека добро раководи со земјата во времето на вирусната криза. Нешто помал пораст, но сепак зголемена популарност, е забележана и во сондажите во кои се оценува работата на францускиот претседател Макрон во борбата против корона. Сознанијата од повеќе земји во Европа зборуваат дека граѓаните, соочени со стравот и анксиозноста поради епидемијата, ги прифаќаат владините кризни мерки, дури и во оние земји каде што тие мерки, всушност, претставуваат ригорозна интервенција во однос на граѓанските права и слободи.

Никој не го знае одговорот и никој не може да понуди идеално решение. Но, секоја влада се соочува со потребата да реагира итно и навремено. Подобро тогаш мерките да бидат драконски, и можеби предимензионирани и претерано рестриктивни, отколку утре некој да биде обвинет дека покажал слабост и неефикасност токму кога најмногу се очекувало да биде – бескомпромисен и решителен. Веројатно не сме далеку од вистината доколку сметаме дека европските влади размислуваат токму на таков начин.

# Економија

**Курсна листа** 13.4.2020

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.350 | 61.850 | GBP | 1 | 68.650 | 72.000 |
| USD | 1 | 55.150 | 57.550 | CAD | 1 | 39.000 | 41.200 |
| CHF | 1 | 57.100 | 59.600 | AUD | 1 | 34.900 | 36.700 |

**Синдикати.**

## Никој не нè праша за мерките

• Да добиваат паричен надоместок од Агенцијата за вработување и оние работници кои од незнаење споgодбено потпишале отказ, бараат синдикатите и граѓанските активисти, кои тврдат дека не биле вклучени во преговорите кога се носеле мерките и со тоа не се обезбедила заштита на работниците.

Тие бараат и да се поништи уредбата за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, затоа што вакви додатоци и надоместоци примаат работниците што работат и во ова време и без кои државава би крахирала во кризава (инспектори, пожарникари, медиумски работници, шумска полиција, железничари...).

Заедничкото соопштение е потпишано од Сојузот на синдикати на Македонија, Конфедерацијата на синдикални организации, Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани, Независен академски синдикат, Самостоен синдикат на новинарите и медиумските работници, Синдикат на културата, Синдикат на македонската дипломатска служба, Хелсиншкиот комитет, Здружение на граѓани „Гласен текстилец“ и Левичарското движење „Солидарност“.

**Народна банка.**

## Се ослободија пари за кредити

• Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка на вчерашната седница одлучи да се намали износот на благајничките записи кои банките можат да ги запишат кај централната банка, при задржување на основната каматна стапка на непроменето ниво.

„Ослободените средства се очекува да овозможат натамошна поддршка за македонската економија преку поттикнување на кредитната активност на банкарскиот систем“, соопштија од централната банка.

**Анализа** Како засега изгледа пакетот економски мерки



# Помошта од 14.500 денари е за да секој добие плата

**Априлска плата** Фирмите чии приходи ќе страдаат за повеќе од 30 отсто, до 5 мај може да поднесат барање за финансиска помош за секој вработен од 14.500 денари

**Весна Дамчевска**

Многу нејаснотии произлегуваа од презентираните економски мерки за справување со последиците од здравствената криза. За дел од забуните што се јавија, придонесоа и различни недоречени, па и контрадикторни изјави на претставниците од Владата, за дел од мерките и самите креатори не беа начисто како тие ќе функционираат, а многу работи се решаваа и менуваа во од, под притисок на стопанствениците, па така се носеа уредби за измени на уредби, па дури и уредби за укинување уредби.

Засега работите стојат вака: централна мерка на економскиот пакет е финансиската поддршка од 14.500 денари, која работодавачите што имаат тешкотии, како и оние што не работеле, треба да ја искористат за да им исплатат плати на работниците. Износот до 14.500 денари што се добива не е нето-плата доделена од државата.

### Не е важна дејноста

Помошта за плата не е наменета само за угостителството, транспортот и туризмот, како што многумина ја толкуваа, туку за секоја компанија, независно од дејноста. Таа е наменета за фирми, но и за занаетчии, како и трговци-поединци и самостојни вршители на дејност.

Министерката за финансии Нина Ангеловска објасни дека сите компании што ги исполнуваат условите, до 5 мај треба да поднесат барање, во кое ќе го наведат секој работник поединечно, затоа што за оние со плати поголеми од 39.900 денари, и за оние за кои се користат ослободувањата од придонеси и данок од проектот „Македонија вработува“, државната помош не важи.

– Ако бруто-платата на работникот му е 30.000 денари, со оваа финансиска помош ќе може да се покријат половина од парите. Потоа, има компании што се со нула приход – еве такви се угостителите. Тие ги пуштиле работниците дома, а според Законот за работни односи, во услови на виша сила, кога фирмите не работат, работодавачите треба да исплатат половина плата. Во угостителството платите се од 18.000 до 20.000 денари, што значи половина нето-плата е од 9.000 до 10.000 денари. Со 14.500 денари може да се покрие половина бруто-плата од 9.000 денари, или малку да се додаде за платата од 10.000 денари – рече Ангеловска.

### Субвенционирањето придонеси веќе нема логика

На сила е и Уредбата за субвенционирање придонеси од првиот пакет мерки со кои на осигуреникот му се субвенционира половина износ од придонесите за април, мај и јуни, но најмногу до 50 отсто од износот на придонесите платени за просечната бруто-плата во државата во април, во мај и во јуни. Фирмите треба да избираат меѓу оваа мерка и финансиската помош по работник.

Финансиската помош од 14.500 денари е за два месеца, а субвенционирањето на придонесите за три месеци, додека условот и за едните и за другите е фирмата да има намалени приходи од 30 отсто. Но, пресметките покажуваат дека со финансиска поддршка од 14.500 денари може да се земат многу повеќе пари, па логично се наметнува прашањето зошто мерката за придонеси сè уште постои.

Во април, мај и јуни, повеќе од јасно е дека просечната бруто-плата ќе биде помала од онаа за која Државниот завод за статистика има податоци. Но, и според последните податоци за јануари, просечната бруто-плата е 41.087 денари, што значи дека придонесите се 11.500 денари, па најголем износ по работник може да биде 5.750 денари, или за три месеци 17.250 денари. Финансиската поддршка од 14.500 денари месечно, за два месеца значи помош од 29.000 денари по работник.

### Фирми и занаетчии што важат за загрозени

• За да користат по 14.500 денари за работниците, компаниите како и самостојните вршители на дејност (занаетчии, трговци-поединци) треба да имаат намалени приходи за најмалку 30 отсто. Мерката не важи во фирмите во кои нето-платите на 10 отсто од вработените надминуваат 120.000 денари. Помошта може да ја користат независно од искажаниот финансиски резултат за претходната година, но не смеат да се делат дивиденди додека траат мерките.

Што се однесува, пак, до Уредбата за финансиска поддршка на самостојните вршители на дејност, таму пишува дека физичко лице (фризер, пекар...) не може да оствари помош ако минатата година имало вкупен нето-доход пред оданочување поголем од 478.000 денари.

**БРОЈКИ**

**8,3** проценти е зголемен бројот на туристи во февруари годинава во однос на истиот месец лани

**65.202** странски туристи ја посетиле Македонија во јануари и во февруари.

**3,4** проценти повеќе ноќевања се реализирани во февруари во однос од пред една година

**Анима мунди:**



## Активистите бараат дозволи за движење во полициски час

Здружението за заштита на животни „Анима мунди“ побара од надлежните итно да се овозможат дозволи за контролирано, временски ограничено и одговорно движење на нивните активисти.

Оттаму велат дека веќе една недела талкаат низ институционалните лавиринти со цел да обезбедат дозволи за активистите што се грижат за многубројни бездомни животни, кои зависат од човечка грижа и кои не можат да бидат оставени со денови без храна и вода додека трае полициски час. Како што тврдат од „Анима мунди“, дозволи досега добиле само некои поединци, додека други се одбиени без образложение.

- Ние ги почитуваме мерките на Министерството за здравство и на Владата, ја разбираме сериозноста на ситуацијата во која се наоѓаме и во ниту еден случај не би ги нарушиле предвидените мерки и процедури, но веќе со недели укажуваме дека е неопходно да се согледа аспектот на нашето дејствување (со кој ја помагаме државата и општините) и бараме итно да ни биде дозволено движење во ограничен временски рок, со цел грижа (храна, вода, основна ветеринарна помош) за многубројните бездомни животни за кои се грижиме. Ова мора да се реши побргу бидејќи доаѓаат велигденските празници кога се најавуваат повеќе денови полициски час - велат од Здружението за заштита на животните.

**Фотовест.**



## Скопје се затрупа со ѓубре

Преполнети контејнери и купишта ѓубре околу нив е сликата што можеше да се забележи вчера низ целиот град. ЈП „Комунална хигиена“, колку и да изгледа тоа чудно, за време на викендот, кога на сила беше полицискиот час, не собираше отпад, па резултатот беше планини од ѓубре во и околу контејнерите.

Граѓаните се надеваат дека тоа нема да се повтори и за претстојниот викенд, кога се очекува забраната на движење да трае уште подолго и дека „Комунална хигиена“ ќе функционира и во време на полициски час. Кога може Град Скопје во тој период да гради улици, нејасно е зошто не би можело и ѓубрето да се собира за да не се претвори Скопје во голема депонија.

**Реакции** Граѓаните бараат да не се сечат дрвјата низ Скопје

# Скапата машина пресадува само дрвја со тенко стебло

**Услови** Специјалната машина, за која пред четири години беа платени околу 10 милиони денари, се користи само кога тоа го дозволуваат условите, но најчесто на локации каде што нема инсталации поставени плитко под земја.

**Анета Стојковска**




Многу позитивни реакции во јавноста предизвика информацијата на Град Скопје дека наместо да се сечат, се пресадуваат дрвјата кај хотел „Русија“ за изградба на новиот мост на булеварот „АСНОМ“ во Аеродром. Пресадувањето се вршеше со специјална машина, набавена уште во 2016 година, но јавноста досега немаше можност да види дали таа се користи во практика. Најчесто, дрвјата што се наоѓаа на траса каде што беше зацртано проширување или пробивање нова улица или булевар се сечеа, што предизвикуваше револт кај скопјани. Затоа граѓаните бараат да се користи оваа машина во секоја пригода и да не се сечат дрвјата, особено старите, кои се вистинско богатство на Скопје.

- Посочената машина ја користи ЈП „Паркови и зеленило“ на оние локации каде што условите го дозволуваат тоа. Таа е набавена во 2016 година и е од италијанската марка „ивеко“ со специјална механизација наменета за пресадување дрвја - велат од Град Скопје.

Оттаму објаснуваат дека оваа машина и досега често се користела на повеќе локации. Со неа се пресадувале дрвја на булеварот „Христијан Тодоровски Карпош“, Парк Македонија, на градскиот плоштад, но и на многу други локации каде што тоа го дозволуваат условите.

- Машината може да пресадува дрвја со ширина на стеблото од максимум 40 сантиметри и таа и досега се користеше од претпријатието на локации каде што може да се искористи. Таа е гломазна и не е најповолна за користење во урбаните средини, од причина што коренскиот систем на засадените дрвја е во близина на подземни инсталации и со тоа се оневозможува нејзиното почесто користење - објаснуваат од Градот.

Така, според нив, за да се пресади дрво, треба да се направи дупка со длабочина од околу 1,2 метри, додека во урбаните средини во Скопје можат да се пронајдат подземни инсталации на длабочина и од 50-60 сантиметри.

Машината за пресадување дрвја, која во 2016 година ја набави претходната градска власт на чело со тогашниот градоначалник Коце Трајановски, има четири лопатки, кои додека се отворени достигнуваат дијаметар од 1,5 до 2,7 метри, додека кога се затворени ширината на дијаметарот е од 1,7 до 2 метри. Поради тоа, таа не е многу погодна за употреба во урбани средини.

За набавката на возилото „ивеко“, на кое е инсталирана дополнителна механизација и електроника за пресадување дрвја, се потрошени околу 10 милиони денари, средства што беа обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој.

**За да се пресади дрво, потребно е да се направи дупка со длабочина од околу 1,2 метри, додека во урбаните средини во Скопје подземни инсталации многу често се на длабочина од 50-60 сантиметри.**




**Општина Бутел.**

## Денеска ќе се дарува крв

Општина Бутел и Институтот за трансфузиона медицина денеска од 9 до 14 часот организираат крводарителска акција во просториите на Општината.

Од Општината информираат дека се преземени дополнителни мерки за да создадат максимално безбедни услови за крводарување, како што е обучен персонал за спроведување на сите пропишани хигиенски мерки од Институтот за трансфузиона медицина.

– За време на акцијата ќе биде воведен систем на обезбедување соодветно растојание помеѓу дарителите и ќе се практикува телефонско повикување на дарителите за да се обезбеди континуитет во крводарувањето во безбедни временски интервали (закажување) - посочуваат од Бутел.

# Свет

## Вести.

### Борис Џонсон отпуштен од болница

• Британскиот премиер Борис Џонсон е отпуштен од болница каде што беше на интензивна нега поради коронавирус.

– По совет на лекарите, премиерот нема веднаш да се врати на работа. Тој се заблагодарува на сите во болницата Сент Томас за интензивната нега што ја доби – изјави портпаролот на Владата.

Џонсон (55) во болницата беше примен пред една недела по десет дена самоизолација, за време на кои не престана да чувствува симптоми на вирусот. Тој три дена беше на интензивна нега.

### Косово: Завчера рекордни 79 нови случаи

• Во Косово во неделата биле регистрирани рекордни 79 нови случаи на коронавирус, со што вкупната бројка заразени се искачи на 362, јави МИА од Приштина.

Најмногу новозаразени, 35, се евидентирани во Урошевац, кој од саботата е во карантин. Во Призрен има 16 нови случаи, а во Приштина завчера не е потврден ниту еден нов случај.

### Грција: Ново жариште во дом за стари лица

• Дом за стари лица во областа Неа Макри во источниот дел на регионот Атика е ставен во карантин откако било потврдено дека најмалку десет згрижени лица и двајца вработени се позитивни на коронавирусот.

Бројот на жртви од коронавирусот во Грција се зголеми на 98 лица, откако во неделата беа потврдени уште пет смртни случаи, а досега се регистрирани 2.114 заразени лица.

### Бугарија: Заразени вкупно 675 лица, починати 29

• Во Бугарија вкупниот број заразени лица со ковид-19 изнесува 675, соопшти Националниот оперативен штаб. Во неделата биле потврдени шест нови случаи – четири во Софија и два во Стара Загора.

Под лекарски надзор во болнички услови се 275 пациенти, од кои 36 се на интензивна нега.

**Пандемија** По повеќенеделната строга изолација поради коронавирусот

# Олеснување и стравување: Европа ги ублажува ограничувањата

**Тренд** Дури и Шпанија, која до пред само неколку денови беше најтешко погодена европска земја од коронавирусот, од вчера ги ублажи на мерките, бидејќи бројот на новозаразени опаѓа



Жителите на Чешка веќе можат да пазаруваат во повеќе продавници, да играат тенис или да одат на пливање, а ублажување на мерките за строга изолација најавија и Австрија, Данска и Норвешка. Дури и Шпанија, која до пред само неколку денови беше најтешко погодена европска земја од коронавирусот, од вчера ги ублажи на мерките, бидејќи бројот на новозаразени опаѓа.

Доктор Питер Дробац од Бизнис-школата Саид на Оксфордскиот универзитет, вели дека првите земји што ќе ги ублажат мерките, ќе го трасираат патот за оние што го претрпеа најсилниот удар во Европа – пред сè за Италија, Франција, Шпанија и Обединетото Кралство, но и за САД.

– Ни преостанува уште многу да научиме како ќе излеземе безбедно и ефикасно од оваа изолација – вели докторот Дробац, експерт за глобално здравје.

Регионалниот директор за Европа при Светската здравствена организација, доктор Ханс Клуге, предупреди дека ситуацијата во Европа сè уште е многу загрижувачка и инсистира дека „сега не е времето за ублажување на мерките“. Тој во средата истакна дека „Европа останува центарот на пандемијата“, бидејќи од овој континент се седум од десетте земји со најголем број регистрирани случаи.

Чешка, сепак, веќе реши да им остави поголема слобода за движење на граѓаните, а Данска од утре ќе ги отвори училиштата и градинките, за деца до возраст од 11 години.

– Важно е Данска да не е затворена повеќе од тоа што е потребно – изјави премиерката Мете Фредериксен. Таа истакна дека ширењето на вирусот е ставено под контрола и Владата сака повторно да ја придвижи економијата.

Само еден ден откако во Шпанија беа пријавени 619 нови жртви на коронавирусот, од вчера во земјата беше дозволено да продолжи работата во некои фабрики и градилишта. Здравствените власти објавија дека бројот на новозаразени лица се зголемува за 2,6 отсто, што е најниска стапка откако пандемијата удри врз земјата пред еден и пол месец. Во овој период бројот на новозаразени се зголемуваше за 20 отсто.

Нов Зеланд и Австралија, каде што епидемијата почна да стивнува, предупредија дека сè уште е рано за ублажување на мерките за физичко дистанцирање или економска активност.

– Рано да се олеснат ограничувањата и покрај тоа што кривата на епидемијата е зарамнета. Сега е време да го задржиме тој курс, да продолжиме со самоизолација и физичката дистанца – изјави австралискиот министер за здравство Грег Хант.

Предупредување пристигна и од Кина, во која вчера повторно имаше зголемување на бројот на нови случаи на ковид-19 во споредба со претходниот ден. Во неделата во Кина имало 108 нови случаи, најмногу по 6 март, но во статистиката се вклучени и 98 луѓе што заразени се вратиле од други земји.

**Историски договор.**

# Примирјето помеѓу ОПЕК и Русија ја стабилизира цената на нафтата

**Картелот ОПЕК постигна договор со Русија, Мексико и со други земји за намалување на производството за 10 милиони барели на ден за да се заштити пазарот**

Пандемијата на ковид-19 ги принуди најголемите производители на нафта да ја запрат војната со цени и да договорат намалување на производството за да се стабилизира состојбата на глобално ниво.

Картелот ОПЕК, на чело со Саудиска Арабија, постигнаа договор со Русија, Мексико и други земји за намалување на производството за речиси 10 отсто, односно за 10 милиони барели на ден за да се заштити пазарот, на кој мерките за изолација диктираат значително помал интерес за нафтата. Производителите очекуваат дека оваа мерка ќе го ублажи падот на цената на нафтата, која стигна до најниско ниво во изминатите децении. Цената на барелот нафта падна на 28 долари и поради запирањето на авиосообраќајот и поради очекувањата за глобална рестрикција. Во април побарувачката на нафта беше за 27 милиони барели на ден помала од вообичаената.

Како итна реакција на оваа вест, цената на нафтата на берзите се зголеми за 4 проценти на 32,71 долар, а се очекува наскоро да се стабилизира на вообичаеното ниво од пред неколку месеци – на околу 60 долари за барел.

ОПЕК плус, исто така, побара поддршка од другите големи производители, пред сè од САД, Канада, Норвешка и Бразил, па не се отфрла ни историско намалување на производството за дури 20 милиони барели на ден.

Американскиот претседател Доналд Трамп го пофали договорот на ОПЕК плус, оценувајќи дека тој ќе придонесе за зачувување на стотици илјади работни места во енергетската индустрија на САД, но не објави дали и Америка ќе прифати намалување на производството.

Временската рамка на договорот е април 2022 година, по што ОПЕК и другите земји ќе почнат да го зголемуваат производството.



# ЖЕНСКИ ПЕЧАТ ♂

**БРОЈ 19** | **Вторник, 14 април 2020.** | Неделен прилог

**И НИЕ СМЕ ОД МАРС**


## СТИЛ НА НЕДЕЛАТА

**ИРЕНА ЈАКИМОСКА,**
*директор и косопственик на компанијата „Комфи-Ангел".*

**ЛИЛЈАНА ГРЦО ДАМОВСКА, новинарка:** Таа е нестандардна во секој поглед: нејзината силно изразена индивидуалност е првото што ви паѓа во очи. Ќе ја забележите и меѓу илјадници други, не затоа што од прва и физички потсетува на Мерилин Монро, туку заради вулкан-енергијата која ја носи.





Таа е жена со два факултета и еден магистериум, прв човек и косопственик на успешна македонско-британска компанија „Комфи Ангел", која има повеќе од 700 вработени, повеќето се мажи. Ирена Јакимоска е и менаџер и портпарол на фирмата, амбициозна и упорна до крај, сама одговара на сите телефонски повици, изгради општествено одговорна фирма, донира на болници за деца, за стари, вложува во образованието на талентирани од кои очекува посериозен ангажман не само во фирмата со која таа раководи. Никогаш досега не заборавила роденден на вработен.

Горда е на нејзината компанија која 99 отсто од производството го продава во странство, а најмногу на вработените кои направија Гинисов рекорд, ја изработија најголемата перница во светот. Верификација на тоа дека животот може да биде бајка е патот што Ирена го помина – од сопственик на мал бутик за облека во Прилеп, пред 15 години, со 2.000 евра, 4 машини и неколкумина вработени, основа фирма која сега има 700 вработени и е една од најуспешните во државата. Ирена ја сака облеката и таа нејзе. Храбра е и знае што и како да носи. Најчесто го облекува само еднаш и потоа го подарува. На познати и на непознати, на тие на кои им треба. Свесна е дека со години носела бреме исто како и други жени кои се разликуваат од масата, а сѐ заради естетиката што ја претпочитала, дека дури била и изложена на потсмев и осуда, и дека сега кога е успешна тоа исто општество ја удира по раме и честита за успехот, но е категорична дека и тогаш и сега е свесна дека не влегува во рамката, само што сега тие ситуации и појави сте ги надраснале. Дефинитивно Ирена е нестандардна жена, зад неа трча времето и не можете да ја ставите во ниту една рамка. Во моментов вели дека живее нов „лајф стајл" во кој ужива – таа е среќна сопруга.

## ЖЕНА НА НЕДЕЛАТА



Лекарката од Куманово, Гордана Николиќ, со целата нејзина позитивност во личната борба со коронавирусот, со нејзините информации кои речиси секојдневно ги пласираше на јавноста за тоа како тече лекувањето, со нејзината храброст и инспиративност на жена борец, која и во најтешките моменти не го загуби духот, а често ни смислата за хумор. Николиќ е префрлена на домашно оправување.

- Резултатот се должи на добрата терапија на инфектолозите и мојата послушност како пациент и упорност да победам, напиша таа на Фејсбук.

**ОД ПАРИЗ** — *Тања Кармзова Костиглиола:*

# Вакцина против Ковид-19 оптимистички може да чекаме наесен

***Не сум убедена дека масовното тестирање е најдобра опција, како што е случај во неколку други земји. Тоа чини, а не е веродостојно. Сметам дека Франција е во право кога предвидува масовно серолошко тестирање, вели Кармзова Костиглиола.***

Веќе речиси 12 години Тања Кармзова Костиглиола живее и работи во Париз. Таа е специјализирана во фитотерапија и ароматерапија и работи во аптека. На македонската јавност пак, Тања ѝ е позната по нејзината поезија, која редовно ја пишува во слободно време. Со Кармзова Костиглиола зборуваме на актуелните теми за коронавирусот и начинот на справувањето со него од страна па фармацевтите и докторите, кои се во потрага по вистинските медикаменти. Засега, официјално нема соодветна терапија за ковид-19.

**Најновите вести од Франција говорат за многу брз процентен скок на коронавирусни инфекции, а ти работиш во аптека. Што мислиш за масовното тестирање?**

– Начинот на кој се води статистиката е дискутабилен, но мислам дека засега не се во можност да се справат поинаку. Во Франција се тестираат исклучиво оние чија здравствена состојба е тешка. Оние чија клиничка слика е лесна се сметаат за позитивни и не влегуваат во пресметката. Не сум убедена дека масовното тестирање е најдобра опција, како што е случај во неколку други земји. Тоа чини, а не е веродостојно. Сметам дека Франција е во право кога предвидува масовно серолошко тестирање. Ваквиот тест ќе дозволи солидна статистика и ќе даде одговор на прашањата околу стекнувањето имунитет, како и времетраењето на тој имунитет подоцна. Што се однесува до статистиката за смртни случаи како последица на болеста ковид-19, во тие пресметки влегуваат починатите во болнички услови, а еднаш неделно излегуваат и бројките на починатите во медикализирани старечки домови.

**Со каква терапија се лечат заболените? Која терапија најдобро делува?**

– Официјално, нема соодветна терапија за ковид-19. Се тестираат четириесетина лекови, меѓу кои антималарици - за кои премногу се зборува и тоа почнува да се претвора во проблем со кој ние како фармацевти и техничари се соочуваме, а не смееме да ги издадеме без рецепт, имајќи предвид дека истражувањата се во тек, значи не е ниту етички, ниту од помош, - антивирални лекови, трансфузија на плазма од веќе излечени пациенти во болнички услови. Пациентите со тешка клиничка слика се вклучени на апарат за респираторна асистенција, повторно во болнички услови, бидејќи методот е инвазивен. Научниците не можат да кажат што е најефикасно во моментот. Мислам дека пред болест која од многу аспекти ни е непозната – треба да бидеме скромни, но и амбициозни. Скромни, за да не се прават грешки од преголема самодоверба, амбициозни за да продолжиме да го бараме соодветниот лек во корелација со општата здравствена состојба на секој пациент што најмногу ќе му помогне, а најмалку ќе му наштети.



**Кои се најновите информации во фармацијата за поуспешна борба против коронавирусот?**

– Нови информации има секоја минута. Екстремно брзо се менуваат работите. Сѐ помалку зборуваме за врвот, или пикот, на пандемијата, сѐ повеќе се употребува терминот „плоча". Мора да се сфати дека еволуцијата на инфекцијата со САРС-Ков-2 неверојатно брза, но затоа излегувањето ќе биде бавно. Иновација се серолошките тестови кои веќе се произведуваат во фирма во регионот Бретања, чиј сопственик е г-н Милован Станков Пиже (фондатор со српско потекло, н.з). Иновација е клиничката студија „Дискавери", во која се истражуваат сите евентуално ефикасни терапии. Иновација е брзото дешифрирање на виралните протеини, кои овозможуваат да знаеме точно против што се бориме, за полесно да најдеме како да се бориме.

**Реално, кога би можеле да ја очекуваме првата вакцина и колку таа би помогнала?**

– Моментално, „Санофи Пастер" работат на вакцина со модификации на онаа која се користи вообичаено против морбили. Резулатите од првичните тестирања се очекуваат кон крајот на мај. Вообичаено, за да се предложи сосема нова вакцина потребни се години тестирања во екстремно прецизно дефинирани услови. Тоа време е премногу скапоцено сега, затоа се работи на овој начин. Во последните изјави на „Пастер" се вели дека досегашните резултати се солидни. Сепак, имајќи предвид дека количините што се потребни за имунизација на францускиот, а и на светското население, мислам дека ако сме оптимисти можеме да очекуваме нешто наесен.

**Ј.К.Д**

ОД ЊУЈОРК **Владимир Четкар,** музичар



# Амбулантните сирени не стивнуваат, луѓето се во паника

*Од оваа ситуација ќе излеземе помудри и поискусни и ќе сфатиме дека вистинското богатство не е во парите, славата и престижот туку во слободата, едноставноста, во дишењето воздух со полни гради, вкусното кафе или вино со семејството и пријателите и сите други едноставни секојдневни, но бескрајно скапоцени моменти, вели Четкар.*

Владимир Четкар, кој живее и работи во Њујорк од каде што го освојува и светот, вели дека поради коронавирусот градот кој никогаш не спие, сега, во текот на вечерните часови е во длабок сон.

**► Како е ситуацијата таму, празни ли се улиците, се почитуваат ли правилата?**

– Ситуацијата е мошне сериозна бидејќи токму тука е најголемото жариште на оваа пандемија. Улиците се празни, сè е затворено, амбулантните сирени не стивнуваат, а кај луѓето се чувствува тензија, па дури и паника поради овој шокантен пресврт во нивните животи. Ако сега се најдете во центарот на Менхетен ќе сфатите дека градот кој никогаш не спие моментално е во длабок сон.

**► Бројот на заболени и починати од коронавирусот постојано се зголемува во САД, како генерално се гледа на новонастанатата ситуација?**

– За жал, тука бројката на заболени и починати вртоглаво расте и постои чувство како работите да се вон контрола. Токму поради сè ова, испаничениот народ ги празни продавниците до тој степен што има сериозен недостаток на некои есенцијални продукти за хигиена и зајакнување на имунитетот. Луѓето се претежно дисциплинирани и внимателни, но со оглед на катастрофално високите бројки на заболени и преоптоварените болници, мислам дека тука уште многу поодамна требаше да се воведат поригорозни мерки за спречување на ширењето на вирусот ковид-19.

**► Како ти го поминуваш своето време меѓу четирите ѕида? Дали ситуацијата делува на твојата креативност?**

– Се трудам да бидам оптимист и да го хранам позитивниот дух во мене. Карантинот ме затекна сам во Њујорк, токму пред започнувањето на мојата турнеја во среднозападна Америка. Вишокот на енергија го трошам со физичка активност, а истовремено работам на нови материјали што ќе се најдат на еден од моите наредни студиски албуми.

ОД ВИЕНА **Ирена Крстеска,** оперска певица

# Нема полициски час, на луѓето им е дозволено да спортуваат

*Поради големата дисциплина на луѓето ситуацијата во Австрија не е многу симптоматична и полека, но сигурно, од половината на април мерките ќе се олеснуваат во правец на нормалниот живот, вели Крстеска.*

Разговараме со нашата оперска певица Ирена Крстеска, која работи во Националната виенска опера и која веќе подолго време живее во Виена, градот каде што уметниците особено се почитуваат, град каде што за да успееш врски не можат да помогнат, туку само талент и знаење.

**► Како си Ирена, како се живее деновиве во Виена?**

– Се чувствувам добро, но и многу смирено. Признам дека првите две недели од изолацијата ми овозможија запоставените работи да ги средам, а и добро да се одморам од пренатрупаната агенда што ја имав последниве години. Не памтам кога последен пат толку долго не присуствував на некој концерт или настап, но самата ситуација налага да не го уживам тој магичен сјај најмалку до крајот на јуни, откако деновиве во Австрија се забранија сите уметнички случувања за оваа сезона. Многу откажани проекти, концерти, прекрасни претстави во Националната виенска опера каде што требаше да настапам во две улоги во претставите „Волшебниот стрелец“ и „Кавалер со роза“.

**► Колку граѓаните ги почитуваат мерките од Владата?**

-Дисциплината е на највисоко ниво, нема полициски час. Дозволено е да се оди само до продавница на растојание од два метра со други луѓе, доколку треба да се излезе да се помогне на постарите, неодложна работа и што најмногу се препорачува – спортска активност или пешачење во преубавите паркови или на кејот на Дунав, но секако на дозволеното растојание и само со личноста, односно личностите, со кои живееме под ист покрив. Сè друго е казниво и недозволено. Поради големата дисциплина, ситуацијата во Австрија не е многу симптоматична и полека но сигурно од половината на април мерките ќе се менуваат и олеснуваат во правец на нормалниот живот. Прво ќе



се отворат помалите продавници, потоа стоковните куќи, па локалите и хотелите... Се разгледува можноста од средината на мај да се отворат и училиштата, но забраната за поголеми случувања од областа на уметноста и спортот останува до крајот на јуни.

**► Што прави австриската Влада за поддршка на уметниците сега кога се без ангажмани?**

- Имам и безброј колеги кои се многу погодени од ова ситуација, но државата е тука да им помогне од економски аспект на сите уметници.

**► Се чувствуваш ли носталгично кон Македонија? Осамено?**

– Во Македонија можев да се вратам. Секако ми недостасува мојата фамилија, но сметам дека во овој тежок период треба секој да остане таму каде што претходно живеел и да се придржуваме сите до пропишаните мерки, затоа што само така ќе излеземе што побрзо од оваа ситуација, ќе им помогнеме на постарите и послабите да не се разболат и најпосле ќе уживаме во својата слобода.

ОД КАИРО **Офелија Гаџевска Садек**

# Месо нема во побогатиот дел на градот, парацетамол нема

*Луѓето се здружуваат на социјалните мрежи да даваат од своите пари, платиш од сè што се има, вели Гаџевска Садек.*

Поранешната дописничка, на македонската јавност позната и како поранешна пејачка, стјуардеса и професорка, Офелија Гаџевска Садек, 25 години живее во Каиро со нејзиното семејство. Ја прашуваме како се живее овие денови во Египет, што се случува таму, дали и таму, во оваа топла земја, е проширен коронавирусот.

**► Каква е ситуацијата со корнавирусот во Египет?**

- Вкупно 1.560 заразени, 150 починати и 300 излечени е билансот до денес, 9 април, во оваа сто милионска држава, како е можно само толку малку заразени?! Египетскиот претседател изјави дека сè е под контрола, под големи наводници, а тоа што е под контрола е многу нејасно. Инаку, двајца милијардери, Египќпани, починаа - Мансур Ел Гамал на 70-годишна возраст без некои претходни болести, еден од најголемите бизнисмени во Египет и еден голем бизнисмен од фамилијата на поранешниот претседател Мубарак. Сопственикот на најголемата приватна банка е во изолација бидејќи неговата сестра почина од коронавирус. Египет има феноменални доктори, странски, кои се обучени на најголемо светско ниво и практикуваат медицина по најнови светски стандарди, меѓутоа за жал болниците и медицинскиот персонал што работи во болниците, освен докторите, е на најниско ниво. Ако може да се спореди, сестрите се на ниво на домашни помошнички, а нивната плата е помалку од сто евра. Во оваа земја мнозинството едвај преживува, а храната овие денови е многу скапа. Претседателот им вети на оние 30 до 40 милиони надничари кои бараат работа дека ќе добијат по 25 евра и луѓето поитаа кон банките, но претседателот не кажа кога ќе биде тоа. Месо нема во побогатиот дел на градот, парацетамол нема.

**► Египетската влада доби женско засилување, колку жени добија министерски места?**

- Шест жени министерки пред извесно време влегоа во кабинетот на претседателот. Станува збор за жени змејови, многу образовани, со одлично познавање на јазици, многу способни жени. Ги водат најважните сектори, меѓу кои и здравството. Претседателот пак, веќе си подготви основа за владеење до 2030 година. Со овие шест жени веќе има доволно гласови од сите жени во Египет, како и од христијаните. Сепак, ова е контрадикција, зашто во исламот секоја жена е пола маж, така барем се караат мажите кога немаат аргумент пред жените.



**► Претстојат празниците, Рамадан е важен семеен празник за муслиманите. Дали се откажани и џамиите?**

- Според одлуката на имамот, забрането е одење во џамии, исто така за нашиот Велигден нема собирање по цркви, забранети се домашни собирања. Сега на социјалните мрежи се случува една неформална економија, народот ја покажува солидарноста во овие тешки времиња, посебно кога се објави дека за рамаданските постови не може да се вика целата фамилија дома. Според Куранот, пак, вака би ви објаснила - два и пол проценти од приходите, рентата, златото и сè што поседувате повеќе од една година, тие пари треба да се дадат на луѓе на кои им требаат, а во вакви моменти - веднаш да се дадат. Па, затоа луѓето се здружуваат на социјалните мрежи да даваат од своите пари, плати, од сè што се има. Нашите милијардери пак, даваат пари за болниците, купуваат вентилатори, заштитна облека за докторите.

## СО ЖЕНСКИ ПЕЧАТ

# На новиот албум ќе се најдат три македонски песни

***Ова е време кое нè повикува низ животот да одиме со ведар дух, срцето да ни биде топло и живо, исполнето со вера, надеж и љубов, способно да простува и да се кае, вели Крстиќ во интервјуто за „Слободен печат“.***

*Јасмина Кантарџиева Димков*

Уметницата од светски глас, Билјана Биља Крстиќ, периодот на домашна изолација го минува креативно, се обидува да не шири страв и несигурност дома, го завршува изборот на песни за новиот албум на кој ќе се најдат дури три македонски песни - „Се посврши сербез Донка“, „Ти ли се најде Лено мори“ и „Калеш Анѓа“ но во потполно поинаков аранжман, а смета дека целата оваа ситуација што се случува во светот е големо искушение, кое можеме да го победиме само со внатрешна револуција и работа на себе.

**▶ Ситуацијата со вирусот нè принуди да останеме дома, како поминува вашиот ден во изолација?**

- Како и сите, се обидувам да не ширам страв и несигурност дома. Стравот е наша грижа и единствено можеме да го победиме со позитивни мисли, со некоја добра организација, со план. Многу е важно да се чувствуваме функционални зашто така се намалуваат емоциите на страв. Правам планови, измислувам и го користам ова време за некои креативни работи.

**▶ Сите културни настани во вашата, и во нашата земја, се откажани или се одложени. Имавте ли планови некаде да настапите да не се случеше оваа ситуација?**

- Оваа година планиравме многу нешта. Од нов албум, па до славеничка турнеја по повод прославата на 20 години постоење на „Бистрика“. Планиравме да одржиме низа концертни активности во нашата земја и во странство. Прв во низата беше закажаниот концерт во Лондон во престижната сала „Јунион чапел“, кој некако успеавме да го поместиме за 19 февруари 2021 година. Ги откажавме сите концерти од почетокот на оваа година. Во Франкфурт, во мај, требаше да одржиме концерт, пред тоа во Нови Сад, Загреб, но најважно е само да помине овој тежок период и од тоа да излеземе што побрзо.

**▶ Што мислите, што како луѓе може да научиме од целата оваа ситуација?**

- Ова се некои процеси и големи искушенија кои можеме само со внатрешна револуција и работа на себе да ги победиме. Ова е скапоцено време кое, и на овој начин, преку немили околности поради коронавирусот, ни е дадено. Ова време може да биде време на преиспитување, да се спознаеме подобро себе, едни други и светот околу нас. Ова е време кое нè повикува низ животот да одиме со ведар дух, срцето да ни биде топло и живо, исполнето со вера, надеж и љубов, способно да простува и да се кае.

**▶ Во последната деценија собирате неоткриени народни песни од блаканскиот регион, какви песни откривте од Македонија?**

- Македонските песни се вдахнати со посебна убавина, имаат раскошни мелодии, богати ритмични поделби и многу се изискувачки за пеење. Во мојот дом отсекогаш се слушале песни од Кирил Манчевски, Александар Сариевски, Анка Гиева, Вања Лазарова... Овие денови го завршувам изборот на песни за новиот албум. Ќе ви откријам една тајна дека ќе се најдат три македонски песни. „Се посврши сербез Донка“, „Ти ли се најде Лено мори“ и посакав да ја пеам баш познатата и толкупати снимена песна „Калеш Анѓа“, но во потполно поинаков аранжман.

***Советот што го добив од мојата мајка го пренесов на моите ќерки. Да бидат истрајни на патот што го одбрале и да не се откажуваат од целта. Да сакаат искрено и дека љубовта ќе им биде возвратена. Да чекорат на оваа планета со крупни чекори.***


**Голема ми е желбата, и се надевам дека ќе се оствари соработка и со националниот ансамбл „Танец“**

## *Биљана Биља Крстиќ, етно дива*



***▶ Се најдовте на албумот за најдобри женски етно вокали во светот со песната „Седи мома на високо“. Албумот, инаку, ги велича жените и нивната сила. Во што, според вас, е вистинската сила на жената?***

*- Одговори има многу: силата на жената е во љубовта, одговорноста, убавината, самопочитувањето, почитувањето, во гласот... За тоа и порано сум зборувала дека женскиот глас, како жубор на вода или игра на ветрот, дава ритам на детските сништа и на домашните работи, глас за дружење и осаменост, за радост и сета, како тенка нишка таа е врска и за заедништво.*

**▶ Остана позната вашата соработка со Тоше Проески, а во поново време и со Влатко Стефановски, што беше најубаво од овие две соработки? Со кои уште македонски музичари сакате да соработувате?**

- Пресреќна сум што имав соработка со врвни македонски музичари како што се Тоше и Влатко, вонсериски и посебни. Тоа се незаборавни дружења, прекрасни изведби и не може со зборови да се опише таа радост и љубов додека ја делите сцената со такви музичари. Извонредна соработка имав и со прекрасните групи „Синтезис“ и „Љубојна“, како и со Џез-оркестарот. Голема ми е желбата, и се надевам, дека ќе се оствари соработка и со националниот ансамбл „Танец“ и има навистина уште доста музичари со кои би сакала да соработувам, списокот е подолг.

**▶ Што е тоа што е најмагично за странците во вашата етно музика?**

- Магијата пред сè е во автентичните песни кои се со извонредна убавина и едноставност, во богатиот колорит на овој простор со техники и карактеристични орнаментации. Познато е дека женските балкански гласови имаат вокална особеност што се препознава и се издвојува, па ете делумен одговор.

**▶ Што научивте и наследивте од својата мајка? Некаде прочитав дека од првата плата сте ѝ купиле шпорет?**

- Научив многу нешта, дека треба да се бориш со добрина и доблести, дека е важно да знаеш да застанеш, да гледаш, да наслушуваш, да почитуваш, да сакаш и најважно е да бидеш добар човек, во човекот да видиш човек наспрема себе. Ја наследив од мајка ми музикалноста и гласот, многумина велат и нејзиниот карактер. Од првиот голем хонорар купив шпорет и тоа беше прва работа што не беше купена на кредит во моето семејство.

**▶ Имате две ќерки, ќе ве наследат ли? Кој совет како жена на жени не пропуштате да им го дадете на своите ќерки?**

- Милица и Ленка го одбраа својот животен повик и мило ми е што не се во музичките води. Тие се талентирани за музика, сакаат да пеат, но тоа што е важно имаат сериозни професии и не мораат да се натпреваруваат на музичката сцена. Советот што го добив од мојата мајка го пренесов на моите ќерки. Да бидат истрајни на патот што го одбрале и да не се откажуваат од целта. Да сакаат искрено и дека љубовта ќе им биде возвратена. Да чекорат на оваа планета со крупни чекори.

**▶ Кои жени најмногу ве инспирирале, а кои ви помогнале во вашиот живот и како жена и како музичарка?**

- Мама Руса, сестрата Вера и тетка Јелка, секоја од нив влијаеше на мојот животен пат и многу ми помогнаа да сфатам што е тоа што ме води и заведува сите овие години, колку е важно да се постави цел, под услов да е остварлива, колку е важно да се биде истраен и самопрегорен и колку се потребни мирот и смиреноста.

**ЖЕНСКИ ПЕЧАТ**
**Уредува:** Јасмина Кантарџиева Димков
**Лектор:** Теодора Циклевска
**Женска поддршка:** Валентина Ташева, Наташа Смилеска, Анита Митровска и Ивана Николовска

**ИНТЕРВЈУ** *Каролина Костадиноска, клинички психолог, гешталт-терапевт*

# Алатката за заштита на менталното здравје е ОСТАНУВАМ ПОВРЗАН



***Справувањето со пост-ковид 19 на ментален, здравствен и економски план ќе наликува како закрепнување и санирање на последиците после војна. За жал, нема да можеме да ја истресеме од нас прашината и само да продолжиме понатаму.***

Помина веќе цел месец од почетокот на оваа криза, повеќето луѓе почнуваат да чувствуваат вознемиреност. За тоа кои се последиците од останувањето во затворен простор толку долго време и како да си го сочуваме менталното здравје во периодот на коронавирусот, разговараме со Каролина Костадиноска, лиценциран клинички психолог, гешталт-терапевт од Центарот за психолошка помош и психотерапија „Синергија“.

**Дали пораката за останување дома може, кај некои луѓе, да има спротивен ефект?**

- Новите предикции на светските истражувачи на јавното здравство говорат за нов бран на „вирус на ментални растројства“ поврзани со ковид-19 и повеќемесечната социјална и физичка изолација. Очекуваниот бран е во насока на анксиозни и депресивни нарушувања, болести на зависност - дрога и алкохол, и пост-трауматски стрес синдром. Ова е состојба на „колективна планетарна траума“. Мораме да бидеме спремни да одговориме на нарушеното ментално здравје на глобалната популација, прво со доволно професионален кадар, но истовремено и со јавна едукација за заштита и дестигматизирање на менталните нарушувања. Состојбата на нашите граѓани на ментален план веќе е подолго време оптоварена со сите општествени транзиции низ кои минавме, сега пред нас имаме уште една висока планина да искачиме. Справувањето со пост-ковид 19 на ментален, здравствен и економски план ќе наликува како закрепнување и санирање на последиците после војна. За жал, нема да можеме да ја истресеме од нас прашината и само да продолжиме понатаму. Актуелново дисторзирање на психички план вклучува реакции на шок, негирање, интензивен страв, паника, анксиозност, пад и брзи промени на афектот когнитивни дисторзии, дисфункции на исхрана и сон, лутина, огорченост и агресија,односно психички реакции на акутен стрес со тенденција за пост-трауматски стрес синдром. Секако, важно е да се напомене, ако единката имала историја на претходни кризи, стресови и психијатриски нарушувања, таа ќе биде далеку поранлива и помалку отпорна во реакциите кон стрес-факторите.

**Кои се најчестите емоции што можат да се доживееат во период како овој и како можеме да ги препознаеме и да се соочиме со нив?**

- Би сакала да потенцирам дека моите колеги и колешки во овој месец дена период интензивно и пожртвувано се ангажирани на социјалните медиуми во насока на психоедукација на населението и секој кој сака да се информира за влијанието на пандемијата врз менталното здравје има изобилство на текстови и содржини. Браво за сите нас од професијата дали медиумски или директно во практика што ја активираме нашата професионалност и одговорност кон професионалните повици и задолженија.

Јас само би додала уште неколку важни моменти:

- Емоциите се составен дел на организмичкиот одговор на опасност и мора да ги уважиме со целиот нивен дијапазон, дури и да се доживуваме стабилни и цврсти пред таа опасност во актуелниов момент, на несвесно ниво протекуваат процеси кои ние не ги регистрираме, а го тресат јадрото на личноста и може да се манифестираат откако ќе престане големата опасност, бидете внимателни и грижливи кон себе во сите фази и побарајте помош без себестигматизирање

- Најголемата анксиозност е непредвидливоста на иднината, не знаеме што да правиме со



нашите планови, идеи, стремежи, каде да ги сместиме, која форма да им ја дадеме? Ковид 19 направи прекин на временската оска на континиум минато-сегашност-иднина и овој прекин ужасно нѐ вознемирува и разочарува. Разбирливо е превртувањето по старите фотографии и албуми за несвесно да го залепиме овој прекин на внатрешното време. Во ред е да продолжиме со таа потреба. Сега нужно важно ни е да го повикаме познатото додека непознатата иднина зјае пред нас како отворена уста на ѕвер. Во сегашниот миг ќе носиме дигитален часовник кој ни го покажува само сегашниот час и минути и ќе научиме како никогаш досега што значи да си сега и тука со целото свое присуство на постоење. Нема да се откажеме од иднината, но ќе мора да прифатиме дека можеби патот и начинот за реализирање на плановите и целите сега ќе бидат изменети. Ќе вртиме одоколу или по некои други неистражени скали ќе дојдеме до нив. Само ќе мора да прифатиме дека никој нема да ни ја вети иднината која посакуваме да ја добиеме.

**Дали оние што живеат сами повеќе се изложени на психолошки ризик?**

- Да се потсетиме, да бидеш сам, не значи да бидеш осамен. Ако индивидуата живеела социјално и емотивно неповрзана и отсечено од околината пред пандемијата, тогаш е можно изолацијава да го зголеми интензитетот на осаменост до ниво на анксиозно растројство и депресија. Додека индивидуите кои работеле на себе во насока на себеспознание имаат добро развиен себеподдржувачки систем и во кризни периоди, без разлика што живеат сами.

Секако дека здравото колективно живеење ни нуди чувство на безбедност и припадност, посебно кога тлото под нозе ни се поместува и сѐ е така неизвесно. Но, дури и да живееме сами, алатката за заштита на менталното здравје е ОСТАНУВАМ ПОВРЗАН, не се изолирам! Психички е истоштувачко чувството сите стравови во ова непредвидливо време да ги носиме сосема сами. Човекот има генетска детерминараност од заедницата, и за солзи и за радост ни треба друго човечко битие. Можеби е време да размислиме за одредени онлајн-социјални групи на поврзување во кризни периоди достапни за единки кои живеат сами. Важно е да се создаде чувство на припадност кон некоја форма на социјална заедница каде што би се чувствувале прифатено, разбрано и поддржано.

**Токму во периодот на изолација зачестени се случаите на семејно насилство, а познато е, жените кај нас од бројни причини не можат да се обратат на одговорните служби. Што им препорачувате?**

- Со појавата на вирусот сите ние на некој начин станавме негови заложници. Но некои членови од заедницата освен на вирусов, истовремено се заложници и на семејните агресори - партнери, родители. Претпоставувам дека карантинов им буди чувство на фатени во стапица. Посебно што податоците велат дека во последниов период процентот на купен алкохол е прилично висок, што значи дека агресор - алкохоличар кој е затворен со жртвата во карантин е ужасно опасна ситуација. Целокупнава ситуација тригерира психичка напнатост која може да се манифестира како вербална или физичка агресија. Жртвите на семејно насилство НЕ СМЕАТ да бидат оставени сами и заборавени од општествената грижа. Дури ни полицискиот час не смее да биде стапица за жртвите, би требало да се нагласи во владините соопштенија кои отстапки би важеле за жртвите на насилство. Многу ми се допадна мерката за заштита на жртвите во Франција каде што може да се пријави насилството во секој отворен маркет или аптека, доколку жртвата нема можност да пријави во полиција. Мислам дека кај нас можеме барем да закачиме постери во маркети и аптеки со броеви на служби за помош при семејно насилство. Им препорачувам да пријават насилство на кој било достапен начин или во моментот да излезат од дома и да се упатат кон најблиската полициска станица или некој близок од семејството.

**Кога се ова ќе заврши и кога би требало да се почувствуваме повторно слободни, постои ли опасност од социјални фобии, како што се стравот од отворени простори и од од луѓе? Очекувани ли се пост травматски реакции?**

- Поради опасноста од асимптоматско ширење на болеста, кај некои од нас ќе се развие параноичен страв од зараза, дури и од најблискиот. Секој на секого би можел да му стане опасност, дури и кога пандемијата ќе стивне, а вирусот и понатаму ќе остане меѓу популацијата. Овој процес за самозаштита секако дека може да биде подлога за социјална фобија и задржување во ограничен безбеден простор. Паралелно овој социјален страв придружен со непредвидливата иднина е совршен пакет за развој на анксиозни и депресивни психички одговори на организмот. Ќе мора да НАУЧИМЕ да живееме во небезбеден свет, кој не може да ни понуди сигурност и константност и ќе мора да направиме наши мали персонални депоа на некаква безбедност и познатост во нашите индивидуални кругови на егзистирање. Ќе дојде време на „повторно слободни“, но мислам дека слободата сега ќе ги смени дефиницијата и значењето, ќе најдеме нова форма на слобода што ќе соодејствува со променетата форма на живеење. Една добра вест е дека Балканот со векови наназад не бил сигурно тло за своите граѓани, така што нашите адаптивни системи за преживување во вонредни услови се далеку поразвиени за разлика од други земји во кои општеството и владата им обезбедуваат чувство на заштита и згриженост на своите граѓани. Мислам дека ние сме прилично вешти и резилиентни да функционираме „речиси нормално“ во изместени срединскиуслови. Таа сурова адаптибилност би била нашата поткрепа во фазата пост-ковид 19. Да не заборавиме дека ние, средните генерации, поминавме низ смртта на Тито, распаѓањето на СФРЈ, рестрикции на гориво, струја и храна, девалвации на валута, војна во соседството, локални вооружени судири, ембарга, визен режим и ограничено движење и низа други вонредни настани и повторно сме тука со целиот арсенал на преживувачки стратегии кои можеме да ги активираме и да ги пренесеме на помладите генерации. Прво што мораме да направиме кога ќе излеземе од вакуум-карантинов е да го почувствуваме ЗДИВОТ НА ЖИВОТОТ, потоа ќе ги редиме другите коцки од мозаикот на животното поле.

**Ј.К.Д.**

Сѐ додека човекот продолжува да биде безмилосен уништувач на пониските живи суштества, тој никогаш нема да го спознае здравјето на мирот. Сѐ додека луѓето ги масакрираат животните, тие ќе се убиваат и меѓу себе. Навистина, тој кој сее семе на убиство и болка, не може да жнее среќа и љубов.
Питагора



**Интервју со проф. д-р Татјана Стојановска-Иванова.**

# Во животот ќе следуваат промени предизвикани од ковид-19

**Македонските граѓани веќе неколку недели живеат со пандемијата предизвикана од ковид-19. На прв поглед изгледа дека корона-кризата не нѐ удира така силно. Но, како времето изминува, тешкотиите нѐ навјасуваат.**

**Весна Тодоровска**

Во интервјуто со проф. д-р Татјана Стојановска-Иванова од Институтот за социологија при Филозофскиот факултет на УКИМ, се разјаснува дилемата што ќе ни донесат деновите откако ќе запрат кризните мерки и сите повторно ќе сакаме својот живот да го вратиме во нормала.

Времето лета. Македонските граѓани веќе неколку недели го живеат животот со пандемијата предизвикана од ковид-19. На прв поглед изгледа дека кризата не нѐ удира така силно. Но, како времето изминува, тешкотиите нѐ навјасуваат.

**● Па, ни се наметнува и дилемата со какви последици ние граѓаните ќе се соочиме по заразата?**

- Ова време-невреме кое го битисуваме и на кое сме сведоци, ќе донесе многу промени во нашите животи. И сега, но посебно во иднина, ќе има многу социолошки истражувања што ќе бидат посветени за времето на корона, но и по коронавирусот. Она што во моментов можам да го забележам како социолог, иако тоа го чинам преку посматрање на луѓето посебно преку медиумите, социјалните мрежи, од контактите што преку телефон секојдневно ги имам, се неколку факти. Прво што се забележува е фобичноста, иако во голема мера не е дел од нашиот менталитет и традиција, но самото непознато и неизвесно, посебно непознавањето на спецификите на новиот коронавирус, можеби ја крена на повисоко ниво фобичноста и стравот за себеси. На површина излегоа вредности какви што се егоизам, индивидуализам, егоцентризам, а се подзаборавија алтруизмот, хуманоста и космополитизмот. Тоа се гледа не само преку грубиот однос кон нашите земјаци што биле од различни причини во странство, туку и кон секој друг. Пример за тоа ви е и купувањето во неограничени количини.

**Прво што се забележува е фобичноста, иако во голема мера не е дел од нашиот менталитет и традиција, но самото непознато и неизвесно, посебно непознавањето на спецификите на новиот коронавирус можеби ја крена на повисоко ниво фобичноста и стравот за себеси. На површина излегоа вредности какви што се егоизам, индивидуализам, егоцентризам, а се подзаборавија алтруизмот, хуманоста и космополитизмот.**





**● Мислите на оној навредлив однос на социјалните мрежи на дел од Фејсбук пријателите, кон нашите сограѓани, браќа, сестри, братучеди, кои во моментов се во државен карантин?**

- Ме фрапира односот кон луѓето што се во карантин. Зошто не размислат дека секој може да биде во таква ситуација, некој заминал од економски, но некој од здравствени причини. Навистина е лош и непримерен односот, да не бидам прегруба и да речам згрозувачки. Но, велам тоа е тој социолошки феномен, односот на граѓанственоста во време на кризи. Тие дури ја имаат изгубено и вербата во институциите, но и се премногу себични. Несвојствено е за човечко битие да не посака и да не пружи помош на оној што е послаб и немоќен, но велам непознатото и стравовите поврзани со новиот коронавирус, кои секојдневно ги следиме на медиумите, придонесуваат да станеме скептици или неверници во смисла на недоверба кон ништо, но тоа не нѐ оправдува. После ова не само нашата туку и многу земји ќе бидат социолошки лаборатории и ќе треба да се направат многу истражувања.

**● Сепак, велите ќе следуваат промени. Кои се тие промени?**

- Дефинитивно по овој период ќе се променат многу работи. Ајде да почнеме од позитивните. Полека се враќа довербата кон институциите на системот, и без лажна скромност, тоа е пред сѐ резултат на смиреноста и начинот на кој ја води ситуацијата министерот за здравство, д-р Венко Филипче. Полека видовме дека и правдата се враќа и други институции застануваат на нозе. Потоа, децата повеќе време поминуваат со своите родители и имаат време да посветат повеќе внимание на процесот на воспитување, што беше занемарен со години. Дури и имаат уки и поуки од стручни и компетентни луѓе како да им ја објаснат и ваквата ситуација. Верувам, а истражувањата ќе покажат подоцна, дека се враќаме на патот на вистинските вредности – чесност, позитивност, пријателство, љубов, значење на колективитетот, интеграција, алтруизам, одговорност, емпатија и слично.

**● По ваквиот одговор, се насираат и негативните последици?**

- Е, сега, дефинитивно има и негативни моменти, почнувајќи од стравот, па може во иднина кај некои да прерасне во психоза или други девијации. Се консултирам и соработувам со моите колеги од целиот свет и со психолози, посебно развојни, и сите сме на став дека ќе треба време поединецот да ја прифати реално општествената состојба што следува. Потоа можеби скепса во однос на некои институции кои затаиле во миговите што ги живееме. Нема да бидат многу работи исти, допрва ќе се анализираат како социолошки феномени и времето ќе покаже дали сме биле во право. Велам уште е непознато како ќе се продолжи со едукација, колку е пропуштено, стравот од непознатото, како ќе се одвива економскиот дискурс. Посебно е значаен стравот од немаштија и слабост на економијата, неизвесност за своето работно место, дали ќе можат да се подмират основните трошоци, и тука очекувам можеби одреден пораст на некои девијации. Познато е, тоа сме го читале и анализирале, дека во вакви состојби, посебно по аномија и криза, растат криминалот, насилството, агресијата. Ќе видиме како ќе биде кај нас, но убаво е да се чујат компетентни лица по повод овие прашања. Имаме квалитетен кадар што треба да се вклучи посебно во овој дел. Тука влегува и психолошката поддршка на луѓе на кои ќе им треба, полека да се вратат во нормалните животни текови, да ги извршуваат своите активности нормално, но ќе има и многу на кои ќе им биде сето тоа тешкотија и затоа ќе треба да се работи и на тој сегмент.

**● Во време на кризни мерки, семејството, односно партнерите се речиси целосно свртени едни кон други. Дали ковид-19 и тука ќе вмеша прсти?**

- Она што е вредно да се спомене е и односот кон сопствениот партнер. Имено, досега се покажало во практиката дека за време на кризи и потоа се зголемува бројот на разводи, но тоа е кај оние партнери каде што љубовта не била примарен дискурс за брак или кога економската ситуација во семејството ќе биде клучен проблем. Од друга страна, не веднаш по короната, но по извесен период, кога порелаксирано ќе почне да се функционира, ќе имаме зголемен наталитет, тоа, пред сѐ, го очекувам следната година. Исто така, очекувам и да станеме посвесни за природата, колку таа ни дава, да бидеме свесни за еко-диверзитетот, но и да најдеме убавина во малите нешта што го чинат животот поубав.

# Гастрономија

Оној што мисли дека е среќен е навистина среќен.

**Во пресрет на најголемиот христијански празник**

# Како правилно да изберете соодветни јајца за Велигден

Секогаш вапсајте онолку јајца колку што сте сигурни дека ќе ви бидат потребни. Тоа е единствениот начин да не се доведете во состојба да мора да ги фрлите откако ќе помине празникот

Велигденските празници се на прагот, а оваа година ќе ги дочекаме поразлично од кога и да е досега. Поради опасноста од ширење на коронавирусот, препорачливо е секое семејство овогодишните велигденски празници да ги помине дома, во кругот на потесното семејство, во кое радоста и празничната атмосфера не треба да изостанат.

Иако оваа година одењето на гости и чекањето гости не е препорачливо, сепак вапсањето на велигденските јајца е нешто без кое не може и не смее да се одбележува овој празник над празниците.

Која станува збор за боење на јајцата, токму тука се појавува дилемата кои се најдобри и најсоодветни јајца за да добиете совршено обоени површини како и убави, рамномерно распоредени и декорирани бои.

Токму затоа, доколку сакате вашите велигденски јајца оваа година да бидат уникатни по шаренило и во најразлични бои, мора да се потрудите да изберете соодветни јајца за таа намена. Секое јајце е соодветно за вапсање.



### Кафени јајца за црвена, бели јајца за сите други бои

Кога ќе одите во набавка на јајца за Велигден, купувајте јајца со кафена лушпа доколку сакате да ги боите со црвена боја. Овие јајца имаат „моќ“ рамномерно да ја впијат оваа традиционална боја за вапсување. Доколку, пак, сакате велигденските јајца да ги обоите во жолта, зелена, розова или сина боја, во тој случај препорачливо е да се одлучите за јајца со бела лушпа. Светлите јајца само ќе ви послужат како ваш верен сојузник за добивање уникатна боја.



### Правила кон кои мора да се придржувате

Кога ќе купувате јајца за Велигден, важно е да ги следите и следните неколку правила:

- секогаш купувајте чисти и неоштетени јајца;
- најдобро е да ги оставите да вријат 12 минути од моментот кога прв пат сте забележале дека водата почнала да врие;
- доколку не ги бојосувате јајцата со природни состојки, во тој случај одберете ќесички со боја на која пишува дека е т.н. прехранбена боја;
- свежите јајца се потенцијален извор на салмонела, па токму затоа пред да ги ставите во тенџерето, треба убаво да ги измиете со млака вода;
- Секогаш вапсајте онолку јајца колку што сте сигурни дека ќе ви бидат потребни. Тоа е единствениот начин да не се доведете во состојба да мора да ги фрлите откако ќе помине празникот.

**Совети за почетници.**

## Кога варите јајца, задолжително додадете сода-бикарбона

• За да имате совршено варени, но и комплетно излупени јајца со мазна површина, важно е тие да бидат стари од 7 до 10 дена и да ги варите во просек од 7 до 18 минути од моментот кога ќе зоврие водата. Покрај тоа, треба да се знае и дека постарото јајце полесно се лупи, споредбено со јајце што е снесено пред еден или два дена.

Сепак, доколку сте привилегирани и во домот имате јајца што се органски произведени и се снесени само пред еден или два дена, пред да ги варите, не очајувајте од помислата дека ниту еден кој ќе посегне да си земе јајце, нема да биде во можност да ја одвои белката од лушпата, а наместо тоа ќе ви се создадат куп мали парчиња измешани со лушпа и белка, кои на крајот ќе треба да завршат во канта за ѓубре.

За да немате никаков проблем со лупењето на свежите јајца, кога ќе ги ставите да се варат, во тенџерето треба да додадете и половина лажичка сода-бикарбона. Таа ќе ја зголеми влажноста во внатрешноста на јајцето, а вие без каков било проблем ќе ја отстраните лушпата.

Покрај овој трик, постојат и уште неколку слични кои не е на одмет да се научат.

1. Доколку не знаете колку се стари јајцата што ги имате дома, ставете ги во вода и набљудувајте ги. Ако пропаднат, станува збор за свежи јајца, од друга страна, пак, доколку се најдат на површината на водата, тие се постари од 15 дена.
2. За да не испукаат јајцата додека ги боите, пред да ги ставите во врела вода, претходно загрејте ги, така што кога ќе ги извадите од фрижидерот, ставете ги да отстојат во тенџере со млака вода, а потоа префрлете ги во тенџерето со врела вода.
3. Доколку сакате да добиете тврдо варени јајца, извадете ги од фрижидер, измијте ги и ставете ги во тенџере со ладна вода. Ставете ги на оган да се варат околу 12 минути, сметајќи од времето кога водата почнала да врие.



**Рецепти.**

## Гнездо торта

**СОСТОЈКИ:**

**ЗА ПАНДИШПАН:**
- 5 јајца
- 5 лажици млака вода
- 200 грама шеќер
- 1 ванилин шеќер
- 100 грама стопен путер
- 200 грама брашно
- 2 лажици какао
- 1 прашок за печиво

**ЗА ФИЛ:**
- 2 пудинга од ванила
- 500 милилитри млеко
- 200 грама шеќер
- 3 јајца
- 3 лажици шеќер
- 100 грама чоко= ладо за готвење
- 250 грама путер
- 3 лажици еурокрем

**ЗА ДЕКОРАЦИЈА**
- 500 грама слатка павлака
- 100 грама чоколада за готвење
- велигденски чоколадни јајца
- 200 грама чоколада во која има околу 70 отсто какао

**ПОДГОТОВКА:**

Оваа торта која на прв поглед изгледа како птичјо гнездо, најчесто се подготвува за Велигден. Најпрвин одделите ги жолчките од белките. Во садот со жолчки, додајте ја водата и убаво изматете со миксер, а потоа лажица по лажица додајте го шеќерот и убаво изматете. Додајте го растопениот и изладен путер, како и останатите состојки за подготовка на пандишпанот. На крајот постепено додадете



ги изматените белки со ванилин шеќер, но мешајте со лажица. Добиеното тесто печете го во тркалезна тава за печење, обложена со хартија за печење, околу 35 минути на температура од 180 степени.

Пудингот растворете го со малку млеко и половина од шеќерот, а останатиот шеќер и млеко ставете ги на оган да зовријат и во него додајте го размешаниот пудинг. Варете го 5 минути а потоа оставете го да се олади.Потоа изматете ги јајцата со трите лажици шеќер и ставете ги да се варат на пареа десетина минути. Додајте го чоколадото и мешајте додека се стопи. Оставете го кремот целосно да се олади. Путерот изматете го со миксер вклучен на најголема брзина. Кога убаво ќе го изматите, во него додајте го пудингот, кремот од јајца и еурокремот. Целата смеса убаво изматете ја.

Пресечете го оладениот пандишпан хоризонтално на половина. Ставете го долниот дел на чинија за филување, а потоа нанесете половина од филот. Одозгора ставете го вториот дел од пандишпанот и повторно ставете го филот.

На крај изматете ја слатката павлака и со неа на површината на тортата направете гнездо со помош на готварски шприц. Од страните на тортата ставете фил што ќе го подготвите така што ќе ја ставите чоколадата да се топи на пареа, а во неа ќе ставите малку масло. Премачкајте ја тортата од страна, а потоа изрендајте ја чоколадата со многу какао и „залепете“ ја од страните на тортата. На врвот на тортата ставете неколку декоративни велигденски јајца.

**Ракомет** Квалификации за СП 2021



# Франција не сака да игра со Македонија?!

**Француската федерација смета дека не е возможно да се играат јулските баражи за пласман на СП 2021 поради компликациите во календарот предизвикани од коронавирусот. Триколорите ќе бараат директен пласман на СП без да играат во баражот со црвено-жолтите. Ако се случи ова, Македонија би била елиминирана без борба?!**

Ракометната федерација на Франција најави дека нема намера да им дозволи на двете репрезентации, машката и женската, да ги играат бараж-натпреварите за големи натпреварувања за да не го ризикува здравјето на своите ракометари и ракометарки кога во светот владее пандемија на коронавирус.

Машката ракометна репрезентација во баражот за пласман на СП 2021 во Египет треба да игра токму против Македонија, но Французите бараат да не се одиграат натпреварите и тие да обезбедат пласман на ракометниот мундијал. Предлогот на „триколорите“ е пласман на СП во Египет да обезбедат најдобрите 14 репрезентации од Европското првенство, кое се одржа на почетокот од годинава. На него Македонија заврши на 15-та позиција, а Франција беше 14-та и токму затоа Французите инсистираат на нивниот предлог.

– Немаме намера да ги испраќаме нашите репрезентации да играат на лето, без претходно ракометарите да немаат ниту еден официјален натпревар за своите екипи – изјави функционер на ракометната федерација на Франција.

За очекување е предлогот на Франција да не наиде на добар прием кај сите земји посебно кај оние чии репрезентации што не се носители во баражот, меѓу кои е и Македонија. Сепак, од француската федерација наведуваат дека и други национални федерации би поддржале ваков предлог.

**Тенис.**

## Енди Родик: Новак знае да го направи човек мизерен



Американецот Енди Родик раскажува за случката со Новак Ѓоковиќ, кој му нанесе болен пораз во полуфиналето на САД опен во 2008 година кога победи со 3-1. Србинот манифестира триумфализам, а тоа го натера американскиот тенисер да тргне и да се пресметува со него во соблекувалната. Еве кој бил конечниот исход:

- Еднаш, тргнав кон соблекувална на еден ривал. Нема да го кажам неговото име, можам да кажам само дека неговото име има рима со Шмовак Шмоковиќ. Тоа се случи на УС опен. Го провоцирав со изјави, а потоа тој ме „уби“ на теренот. Тој ме победи токму онака како што сакаше и потоа заслужено ликуваше. Кога влезе во соблекувалната, јас тргнав кон него. Неговиот тогашен тренер Грич дојде да го заштити. Кога видов колкава грамада е, се повлеков. Да не го сторев тоа, возот ќе ме прегазеше. Човек како Новак може да ви го направи животот мизерен - вели Родик.

Со годините нивниот однос се поправи и денес се пријателски расположени при секоја средба.

**Барселона.**

## Иван Ракитиќ: Не сум вреќа компири

Иван Ракитиќ самиот сака да решава за сопствената иднина. Ова тој го истакна за шпански „Мундо депортиво“. Хрватот што можеби заминува од „Камп ноу“, вели дека Барселона мора да има почит за него.

- Јас не сум вреќа со компири. Сакам да бидам онаму каде што ме ценат. Ако тоа е во Барселона - добро, ако не - ќе одам онаму каде што јас ќе одлучам – вели Ракитиќ во денешното издание на весникот.

Ракитиќ е пред можен трансфер во Атлетико Мадрид или во Севилја каде што играше пред да дојде во Барселона. За каталонскиот клуб имаше значајна улога во претходните сезони, но сезонава ја загуби позицијата на стартер.

**Фудбал** Спортинг Лисабон



## Ристовски ќе зема 40 отсто помала плата

Спортинг Лисабон се договори со фудбалерите меѓу кои е и Стефан Ристовски, за намалување на платите додека не помине кризата предизвикана од ковид-19. Македонскиот репрезентативец се очекува во најскоро време да потпише нов договор со Спортинг Лисабон. Но, додека чека официјално да биде ставен потпис на новиот договор, Ристовски ќе зема 40 отсто помала плата како една од мерките за надминување на финансиските проблеми на португалскиот тим поради пандемијата на коронавирусот.

Пандемијата на коронавирусот не ја одмина Португалија, чие првенство е суспендирано од минатиот месец, поради што екипите трпат големи финансиски загуби, а меѓу нив е тимот на Ристовски. Се очекува во текот на неделава и преостанатите два клупа од големата португалска тројка, Порто и Бенфика, да реагираат со слична одлука.

**Тенис** Австралија опен

## Стаховски: Ми понудија 100.000 долари да изгубам меч

Украинскиот тенисер Сергеј Стаховски изјави дека во 2009 година му нуделе 100.000 долари да го изгуби мечот со Арно Клемон во првото коло на Австралија опен. Според Украинецот, тогаш на овој турнир имало двајца тенисери поддржани од „инвеститорите“.

- Ми понудија 100.000 долари да изгубам во првото коло од Клемон. На крајот го изгубив мечот откако водев со 2-1 во сетови. Го напуштав теренот и мислам дека ќе го удрев со рекетот да беше таму - вели Украинецот. Тој зборувал со тогашната новоформирана единица за тениски интегритет.

- Ме прашаа кој беше тоа, а јас им одговорив: Чекајте, можете ли да ја заштитите мојата фамилија? Тој е пион, луѓето зад него се опасни, а целото мое семејство е во Украина – додал Украинецот.

## Скандинавски крстозбор

**30 минути**

АВТОР: "SAGITTARIUS & OPHIUCHUS"

Прв ред: ЗАИНТЕРЕСИРАН ЧОВЕК, КАНДИДАТ | ОСТВАРУВАЧ, ИЗВРШИТЕЛ | ЕДЕН КОНТИНЕНТ | АТЛЕТСКА ФРЛАЧКА СПРАВА / ЦЕЛЈЕ | Д | Г | ГОТСКИ СТИЛ / БРОЈ БЕЗ ВРЕДНОСТ (МН.) | МАШКО ИМЕ (ИЛИЈА) / АМЕРИКАН. РЕЖИСЕР РОБЕРТ | И | ТОЧНИ, ВО ПРАВО ВРЕМЕ | ОКСИГЕНИУМ | СИМОН ДРАКУЛ | РУСКА ПАТНИЧКА КОЛА СО КОЊСКА ЗАПРЕГА | ПОЗНАТ СТАДИОН ВО ЛОНДОН | В | НАШ РАКОМЕТАР / ВИД СПОРТИСТ НА ВОДА | К

- НЕРАЗУМНОСТ; СТАРИ ЕВРОПСКИ ПАРИ / РОБЕРТ ОВЕН
- ВИД ДИВО ЖИВОТНО, ЛАСИЦА; ДАРКО МАРКОВИЌ (ПРЕКАР) / ДОВЕРЛИВИ НАРЕДБИ
- ДЕЛ ОД ВАГА / ЖЕЛЕ; ШКОТСКИ МАШКИ ЗДОЛНИШТА / ВЕЧНОСТ; РОБОВИ / ВИД ПОЈНА ПТИЦА
- П; ВИД ЗАЧИН / ПОДАРОК (МН.); НОЗДРА, НОСНИЦА / ПОВИШЕНА НОТА "ЦЕ"; ЕКС ПОЛИТИЧАРОТ БАХАДУР ШАСТРИ
- П; РАЗРЕДУВАЧ НА ЛАК / СПОГОДБЕН СВРЗНИК; МЕСТО БЛИЗУ ОПАТИЈА / СЛИКА НА СВЕТЕЦ
- НАТУРА / МУСЛИМАНСКО ЖЕНСКО ИМЕ; СЛЕДБЕНИЦИ НА АНИМИЗАМ / ДРУГО ИМЕ ЗА ТРОЈА; БУКВА ОД ГЛАГОЛИЦАТА / РЕКА НА УРАЛ
- СПЛАВ, СКЕЛЕ; ЖИВОТИНСКИ РЕВ / ТЕНКИ И МЕКИ ВЛАКНА НА ЛИЦЕ; РЕЖИСЕРОТ ПЕКИМПО / ДЕЛ ОД ПРИСТАНИШТЕ; РЕЖИСЕРОТ КУРОСАВА / ВИД КОЊСКИ ЧЕКОР
- ПРОУЧУВАЧ НА ПОТЕКЛОТО НА ЗБОРОВИТЕ; ЕГЕЈСКИ ОСТРОВ / НАТРИУМ; РАДИУС / ТОРИНО
- ВИД ПУСТИНСКА ПТИЦА (МН.); АРТИСТКАТА ЕКБЕРГ / АМПЕР; ЧИСТА ТЕЖИНА НА СТОКА / ТЕМПО
- ОПЕРА ОД ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ; НАШ ЕКС ФУДБАЛСКИ ГОЛМАН БЛАГОЈ

РЕШЕНИЕ: ИРАЦИОНАЛНОСТ, ЕКИ, НЕВЕСТУЛКА ДАР МАР, ТАС, КИЛТОВИ, РОБЈЕ, ПЕЛТЕ, КИМ, РНКА, ЛАЛ, ПРИРОДА, АЦЕТОН, ИКА, ЕЗАНА, АНИМИСТИ, АЗ, САЛ, РИК, СЕМ, АКИРА, ЕТИМОЛОГ, НАКСОС, Р, НОЈОВИ, АНИТА, НЕТО, ТРАВИЈАТА, ИСТАТОВ

## Шах

**ПРОБЛЕМИ ВО ДВА ПОТЕГА**







## Мозаичен крстозбор

**15 минути**



5 букви: АПОРТ, АФЕКТ, ИНДУС, ИСКРА, МНОГУ, СКАЛА, СТАОР, ТРАУР

6 букви: АЛБИОН, АСФАЛТ, КЛЕШТИ, КРАВИЦ, ПАНЦИР, ПОРАСТ, РЕКТОР, РТУЛЕЦ, СКИПЕР

7 букви: АВОКАДО, ДОБРОТА, КАТИНАР, НАСТАВА, ОТОРИНО, ПАТОПИС, ПРИТОКА, РЕПЛИКА, СЕКСТЕТ, СТАТИСТ, ТАКТИКА

8 букви: АРАМБАША, ЛЕПОСАВА, МИСИСИПИ, ОЗОНАТОР, РАВАНИЈА, ТАРТАРАТ

9 букви: АМАЗОНИЈА, НЕПРИЛИКА, ТАТКОВИНА

10 букви: ВАЛПАРАИЗО, КАТЕРПИЛАР, НЕИСКУСТВО, НОРМАНДИЈА, СТРАТОСТАТ

11 букви: ДИСКРЕТНОСТ

## Судоку

**15 минути**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2 | | | | 3 | | | 5 |
| 6 | 7 | | | 4 | | 8 | | |
| | | 9 | | 2 | | | 1 | |
| 1 | | 3 | | 8 | | | 4 | |
| | | 8 | | 7 | | 5 | | |
| | 9 | | | 5 | | 1 | | 6 |
| | 4 | | | 1 | | 3 | | |
| | | 6 | | 9 | | | 5 | 2 |
| 7 | | | 2 | | | | 9 | |

Решение:824163975671945823539728614153689247
268471539497352186942517368316894752785236491

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | | 6 | | 1 | |
| | | 2 | 3 | 4 | 7 | 6 | | |
| 6 | | | 8 | | | | | |
| 2 | | | | | | | 3 | |
| 4 | 7 | 1 | | | | 2 | 5 | 9 |
| | 3 | | | | | | | 8 |
| | | | | | 8 | | | 3 |
| | | 6 | 5 | 2 | 4 | 9 | | |
| | 9 | | 7 | | 1 | | | |

Решение:75329681418234769564981537226845973147
1683259935172468527968143316524987894731526

# Скандинавски крстозбор

**30 минути**

АВТОР: "SAGITTARIUS & OPHIUCHUS"

СПОСОБНОСТ ЗА ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ

ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТ

НОГАЛКИ ОД НЕКОЈА СПРАВА

НАЈГОЛЕМИОТ ОСТРОВ НА ЈАДРАНОТ

ВАЛЕНТИНА НАГАЛЕНО

ЕЗЕРО ВО ФИНСКА (ЕНАРЕ)

ЛИРСКИ ПИСАТЕЛИ



ЧИТАЈТЕ „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ“

ЗОРА (ЛАТ.) / НАТПРЕВАРУВАЧ ВО ЗАВРШНА БОРБА

А

КОСМОНАУТ КОЈ ПРЕСТОЈУВАЛ НА МЕСЕЧИНАТА

ЧОВЕК БЕЗ ТАТКОВИНА

ГРАД ВО МИНЕСОТА (САД) (ФОТОС)

СОСТАВ СО КЛЕВЕТНИЧКА СОДРЖИНА

АНГЛИСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ / ВИД ЛЕК (МН.)

ЖИТЕЛИ НА ЕДЕН ХРВАТСКИ ПОЛУОСТРОВ

С

ЕДЕН ЗАНАЕТЧИЈА

ОРГАНСКО ХЕМИСКО СОЕДИНЕН. / ВИД СПОРТ

ПОБЕДА ВО ШАХОТ

ЕПОХА (МН.) / ЕДНА ОД САД

К

ЕТИЧАР, МОРАЛИСТ

НИШТО (ТУР.) / ДИЈАГНОЗА (МН.)

АРТИСТКАТА АНТОНЕЛИ / ТОРИНО

АНГЛИСКИ АРТИСТ ДЕЈВИД

АМПЕР / „DOCTOR of MUSICAL ARTS“

ТЕЛЕСНА СЛАБОСТ

АНТИКВАР (МН.)

НА НИЕДЕН НАЧИН

ШВАЈЦАРСКИ СКИЈАЧ ПАУЛ

ЛИЧНА ЗАМЕНКА / КУЈНСКИ ПРИБОР, ТИГАН

СПЕЦИФИЧЕН МОДЕЛ / ГРАД НА МАДАГАСКАР

ОЛИВЕРА НИКОЛОВА

ПРЕКУМЕРЕН РАСТ / ОБЛАСТ СО ИСТА ФЛОРА И ФАУНА

ДОБОЈ / ЖЕНСКО ИМЕ

СЕВЕР

НАУКА ЗА АТОМИТЕ / РЕКА ВО СИБИР

БУКВА ОД ФЕНИКИСКАТА АЗБУКА / КИСЛОРОД

ЛИТАР / НАЗИВ ЗА АРАПКА ВО СРЕДНИОТ ВЕК

ДОЛГ ДОСАДЕН ГОВОР

ГРАД ВО СРБИЈА / ГРАД ВО РУСИЈА

БОГОСЛУЖБА (МН.) / ПОСТАРА СРПСКА ПЕЈАЧКА

„СЛОБОДЕН ПЕЧАТ“

ГОЛЕМИ ИСТЕЧНИ ВОДИ / ДУХОВЕН ИСПОВЕДНИК

СОЈУЗНА ДРЖАВА ВО ИНДИЈА / ЕДЕН РИМСКИ РИД

ОМЕР ПАША / УНГАРСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ (СКР.)

ШТАЛА ЗА КОЊИ (МН.)

НЕСКРОТЛИВ СТРАВ / ЧЛЕНОВИ НА МОНЕТАРЕН ФОНД

ПОГОНСКА МАШИНА / ПРИМЕНЛИВОСТ, УПОТРЕБЛИВОСТ

РАДИОЛОКАТОР

ВИД ШЕШИР КАЈ СТАРИТЕ ГРЦИ

СЕЛО ВО СВЕТИ - НИКОЛСКО / ПОКРИЕН ПАРКИНГ

БРОДСКО ЈАЖЕ / ЧЕТВРТИ МУЗИЧКИ СТЕПЕН

ИЗВИК ЗА БРКАЊЕ ЖИВИНА

ПЛАНИНА ВО ЦРНА ГОРА / БИЛЈАРДСКИ СТАП

СУВОМЕСЕН ПРОИЗВОД / САД ЗА ПРЕТОЧУВАЊЕ

РАДИУС

ГЛ. ГРАД НА МАДАГАСКАР / АМЕРИКАН. АРТИСТ

ХАОС, БЕЗРЕДИЕ / МЕСТО КАЈ ПОДРАВ. СЛАТИНА

ТАЈНИ СИГНАЛИ СО ОЧИТЕ, НАМИГНУВАЊА

РАЗЛИЧНО, ПОДРУГО / ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО (МН.)

СЛИКАРКА ТЕМКОВА / „ИЗДАВАЧ. РАБОТНА ОРГАНИЗ.“

МАЛА ТОКАТА (МН.)

ПОДЗЕМНИ ЖИВОТНИ / ПЕЈАЧКАТА ТИКАРАМ

КРИПТОН / ОСНОВАЧ НА МАНАСТИР

УМБЕРТО НОБИЛЕ / ЕДЕН ЗАНАЕТЧИЈА

АРТИСТОТ ГАБЕН / МЕСАР

ЖЕНА СТАТИЧАР / ХРВАТСКА ПЕЈАЧКА КСЕНИЈА

ИЗЛЕТНИЧКО МЕСТО КРАЈ СКОПЈЕ

Ш

„EUROPEAN PRESS AGENCY“ / ПЕЈАЧКАТА ГИЕВА

АВТОКАМП ВО ДОЈРАН / САД ЗА ТОЛЧЕЊЕ

СУЛФУР / ИНДОНЕЗИСКИ ОСТРОВ

ГРАДИНАРСКА ПАРЦЕЛА

ГРАНИЧНА ТАКСА / ПЛАНИНСКИ ВРВ ВО ВИЕТНАМ

НИКОЛАЈ НИКОЛАЕВИЧ ОСТРОВСКИ / НЕУТРОН

АРТИСТКАТА САВИНА / ЕРБИУМ

НАГОНСКО

СТРУЕЊЕ НА ВОЗДУХОТ / ЛУДОЛФОВ БРОЈ (3,14)

СИМЕНС

МЕРКА ЗА ЗЕМЈИШТЕ / АВСТРИЈА

АФРИКАНСКИ ПОЛИТИЧАР МОДИБО / АЗОТ

НАША ПЕЈАЧКА НИНА / ЕЛЕКТРОН

ЕДЕН ИНСТРУМЕНТАЛИСТ

ХРВАТСКИ СКУЛПТОР ВЈЕКОСЛАВ

БЛАЖЕНСТВО

РЕШЕНИЕ: ПАСКВИЛ, ФУЛАМ, ИСТРАНИ, СИРУПИ, СТАКЛАР, НОНАН, МАТ, ЕРИ, КАРАТЕ, ЕТИК, ИЧ, ЛАУРА, НИВЕН, А, ТИ, ТИП, ОН, НАДРАСНАТОСТ, ДО, С, АТОМИСТИКА, ТАВ, Л, ТИРАДА, ТАКОВО, МИСИ, РЕКИ, КЕРАЛА, ЛАТАС, СТАИ, ПАНИКА, МОТОР, ПИЛ, МАЛИНО, ПАЛАМАР, ИШ, ГОЛИЈА, КРВАВИЦА, Р, ТАНАНАРИВА, НЕРЕД, ИШАРЕТИ, ИНАКВО, АНА, ТОКАТИНИ, КРТОВИ, КР, УН, ЖАН, СТАТИЧАРКА, ШАПКАР, ЕПА, АЧИКОТ, С, ЛЕА, ЦАРИНА, ННО, ИЈА, ИНСТИНКТИВНО, ВЕТАР, С, АР, КЕИТА, СПИРОВА, ТАПАНАР, АНЕТИЌ, РАЈ

# Забава

## Занимливости.



## Коронавирусот „инспирација“ за декорирање велигденски јајца

• Коронавирусот кој, за жал, сè уште е актуелен насекаде во светот и поради кој, луѓето овие велигденски празници ги прославуваат во самоизолација, беше причина креативните домаќини, но и врвните светски готвачи, да направат слатки, но и да декорираат јајца инспирирани од целата состојба со коронавирусот. Како последица на тоа, сè почесто на социјалните мрежи можат да се забележат објави на слики, но и постапки за изработка на мафини што личат на коронавирусот, торти со слични мотиви, но и јајца што „носат“ заштитни маски или изгледаат „како да се болни“.

Ваквиот начин на декорирање на велигденските јајца, во пресрет на најголемиот христијански празник наиде на различни мислења и ставови, кои беа искажани на социјалните мрежи.



Мислењата околу ваквите изработки се комплетно поделени. Додека некои се шегуваат на сметка на тоа, други сметаат дека ваквиот „црни хумор“ не е потребен поради сериозноста на ситуацијата со коронавирусот во светот.

Еден од неколкуте познати шефови што доби инспирација од коронавирусот е и францускиот шеф на кујна Жан Франсоа Пре, кој е многу популарен во Франција особено по т.н. поместување на гастрономските граници.



Овој слаткар и овој пат ги изненади своите следбеници на социјалните мрежи, но и потрошувачите што уживаат да ги јадат неговите десерти, презентирајќи им ги рачно изработените чоколадни велигденски јајца во поинаква „облека“.

Исто така, како инспирација на овој шеф, за уникатна декорација му послужиле и велигденските јајца, кои се моделирани според трендот на коронавирусот.

Жителите на Ландивизо овие велигденски чоколадни јајца имаат можност да ги купат во слаткарницата на Пре, која, иронично, е сместена на улицата „Луј Пастер“, именувана по славниот француски микробиолог.

Велигденските јајца се направени од млечно чоколадо, на кое се додадени бадеми бојадисани во црна и црвена боја за крцкав вкус.

Сепак, трендот на т.н. „корона-јајца“ го има и во Америка.

Имено, Магионичарот за деца Пол Дан ги претстави своите велигденски јајца што „носат“ заштитни маски.





## ВИЦОВИ

**СОСЕДИ**

- Добар ден, јас сум новата сосетка.
- Одозгора или одоздола.
- Полека, комшија, прво кафето да го испиеме!

**ПРОБЛЕМ**

Јас немам проблем со тоа да седам дома за време на полицискиот час, туку имам друг голем проблем – и моите домашни седат дома!

**ПЕЧЕЊЕ**

Дошол пациент кај лекар и чека на ред. Поминува цел ден во чекање и конечно излегува лекарот и вели:

- Тоа би било сè за денеска, имам важен состанок, сите што не ги примив, мора да дојдат утре.

Пациентот на тоа го прашува:

- Чекајте малку, а што да правам со толкаво печење?

Лекарот му намигнува и му вели:

- Вие со печењето почекајте уште малку, а сите други дома.

Заминале сите други пациенти, а лекарот го повикал тој што чекал и го прашал:

- Каде е печењето?
- Докторе, многу ме пече кога уринирам...

**БАКНЕЖ**

- Миличок, погледни го нашиот сосед, секојпат кога оди на работа, ја бакнува својата жена. Зошто и ти тоа не го правиш?
- Леле миличка, не можам јас тоа да го направам, па одвај ја познавам таа жена!




**ТЕАТАР**

Две русокоси купуваат билети во театар:

Благајничката ги прашува:

- За „Хамлет“?
- Не, не, за нас двете!

**БРОД**

Тоне брод. Јапонецот вознемирен оди горе-долу, а Црногорецот мирно седи.

- Што да правиме? – очајно прашува Јапонецот.
- Аман, бре, вие Јапонците, само нешто да работите! – му рекол Црногорецот.

**ГЕНЕРАЛИИ**

Вашето име, ќе ве молам?

- Трпана.

Година на раѓање:

- 1966 година.

Брачна состојба?

- Неподнослива!

## Деновиве пред години.







Денеска е Ден на Царинската служба на Република Македонија. Цариниците во Република Македонија за првпат го одбележаа својот празник на 14 април 1994 година.

**1865.** Американскиот претседател Абрахам Линколн бил смртно ранет во атентат, неколку денови по завршувањето на четиригодишната Американска граѓанска војна со пораз на јужните држави во Конфедерацијата. Врз него во ложа на вашингтонскиот театар „Форд театар“ пукал Џон Бут, наводно умно пореметен актер, поддржувач на поразените јужњаци. Линколн следното утро им подлегнал на повредите.

**1912.** Британскиот патнички пароброд „Титаник“ на своето прво патување преку Атлантикот кон Њујорк, удрил во санта мраз во Северен Атлантик и потонал следното утро. Од вкупно 2.223 луѓе на „Титаник“, само 706 ја преживеале катастрофата, а 1.517 исчезнале. Поголемиот дел од жртвите починале од хипотермија во водата со минус 2 степени Целзиусови. Со оваа температура на водата, може да се очекува смрт за помалку од 15 минути.

**1997.** Во Скопје умрел Видое Подгорец, еден од најплодните македонски писатели, патописец, поет, раскажувач и романописец за деца и возрасни. Припадник е на втората генерација македонски писатели. Објавил голем број стихозбирки, раскази и романи. Најпознати негови дела се „Развигорче“, „Ајдучка чешма“, „Белото циганче“, „Весела азбука“ и „Чисти раце“. Роден бил во селото Колешино, Струмичко, на 8 јуни 1934 година. Во 1966 година, за романот „Белото циганче“, Подгорец добил две награди: „Младо поколение“ за најдобра детска книга во Југославија, како и втората награда на конкурсот за роман на „Детска радост“. Покрај тоа, Подгорец е добитник и на многу други награди.

## Избор од ТВ-програмата



**20:15** МТВ 1
**Преспав**
играна серија



**19:45** СИТЕЛ
**Близнаци**
играна серија



**22:35** 24 ВЕСТИ
**Женски рај**
играна серија

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 06:45 | Македонија наутро |
| 12:15 | Бушава азбука |
| 13:25 | Светот на тишината |
| 17:45 | Тунел |
| 20:15 | Преспав – серија |
| 20:45 | Пријатели – серија |
| 21:10 | Трст виа Скопје – ТВ серија |
| 22:05 | Мост – серија |
| 23:35 | Опасен човек – филм |

### ТЕЛМА
вести 12:30 15:30 18:30

| | |
|---|---|
| 10:30 | Инспо |
| 12:45 | Телма Амбуланта |
| 13:45 | 90 минути |
| 16:15 | Црвена линија |
| 17:30 | Велвет – серија |
| 19:15 | Топ Тема |
| 20:35 | Топло - ладно – серија |
| 22:15 | Бесрамници – серија |
| 23:15 | Специјалист – филм |

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:55 | Здраво Македонијо |
| 10:00 | Визита |
| 11:10 | Ние и вие |
| 12:00 | Македонски приказни |
| 18:40 | Само вистина! |
| 19:40 | Тажна жена |
| 20:30 | Вести - Корона во Македонија |
| 21:30 | Забрането јаболко – серија |
| 00:30 | Бекстеџ |

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 08:00 | 24 анализа |
| 10:15 | Фактор здравје |
| 11:00 | Во тек |
| 16:00 | Очи в очи |
| 17:45 | 24 анализа |
| 20:40 | Столици - квиз |
| 21:05 | Женски рај - серија |
| 22:30 | Ај не замарај! - серија |
| 23:15 | 24 анализа |

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:45 | Ја сакам Македонија |
| 10:00 | Дива земја - серија |
| 11:20 | Македонски стари приказни |
| 12:10 | Практична жена |
| 17:00 | Брза кујна |
| 17:50 | Се или нешто - квиз |
| 19:45 | Близнаци - серија |
| 21:00 | Сестри - серија |
| 22:00 | Истанбулската невеста - серија |

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07:00 | Документарна програма |
| 08:00 | Нов ден |
| 11:15 | Со стил |
| 16:40 | Попладне |
| 17:25 | Бескрајна лубов - серија |
| 17:50 | Прости ми – серија |
| 19:45 | Држиме за рака - серија |
| 20:45 | Мојата керќичка - серија |
| 22:00 | 200 - со Назим Рашиди |

### HBO



Вдовици 16:15

| | |
|---|---|
| 06:00 | Аладин |
| 07:30 | Зависник од купување |
| 09:15 | Лајло и Стич 2 |
| 10:25 | Мистерии од крстозборот |
| 11:50 | Национално богатство |
| 14:00 | Ти бркаш! |
| 15:40 | Минатата недела вечерва со Џон Оливер VII |
| 16:15 | Вдовици |
| 18:20 | Пристаништето II |
| 19:10 | Последици II |
| 20:00 | Заговорот против Америка |
| 21:00 | Мојата генијална другарка |
| 22:00 | Таа |
| 00:05 | Ужасни шефови 2 |
| 01:50 | Џус Бигалоу: Машки жиголо |

### HBO 2



Костурски близнаци 17:25

| | |
|---|---|
| 06:00 | Чудо |
| 08:15 | Пепелашка |
| 10:00 | Поморски вести |
| 11:55 | Големи мали лаги |
| 12:45 | Потпретседателка |
| 13:20 | Армагедон |
| 15:50 | Ромео и Јулија: Повеќе од зборови |
| 17:25 | Костурски близнаци |
| 19:00 | Мистериите на Хејли Дин: Смрт на должност |
| 20:25 | Зеро зеро зеро |
| 21:25 | Часови |
| 23:20 | Веном |
| 01:15 | Гробишта за миленичиња |
| 03:00 | Костурски близнаци |

HBO 2



### ВЕНОМ

Ова е приказна за еден од најтаинствените, најкомплексни и најопасни ликови на „Марвел“! Еди Брок (Том Харди) е скршен човек откако губи сѐ, вклучително и сопствената работа и свршеницата. Баш кога е најдолу во животот, тој станува домаќин на еден вонземјанин, кој му дава супермоќи. Дали овие моќи ќе бидат доволни за да ги порази големите сили на злото, особено против далеку посилниот ривал?



HBO

### ТИ БРКАШ!

Секоја година, еден месец петмина пријатели со голем натпреварувачки дух ја почнуваат енергичната игра без правила „Ти бркаш“, што ја играат од прво одделение – ризикувајќи ги животите, нивната работа и нивната врска заради превласт со лозинката: “Ти си тоа!” Оваа година играта се совпаѓа со венчавката на единствениот непобеден играч, кој конечно треба да стане лесна цел. Но тој знае дека доаѓаат...

### ЧАСОВИ

HBO 2



Три најдобри актерки –Мерил Стрип, Џулиен Мур и Никол Кидман – играат три жени од различни ери, а ги поврзуваат нивните заеднички желби и страови! Вирџинија Вулф (Кидман), во лондонските предградија во 1920-те се бори со лудилото кога почнува да го пишува својот прв голем роман, „Г-ѓа Даловеј“. Лора Браун (Мур) е сопруга и мајка во Лос Анџелес по Втората светска војна. Таа го чита „Г-ѓа Даловеј“ и доживува такво откровение што почнува да размислува за тоа драстично да го промени својот живот. Клариса Вон (Стрип) е денешна верзија на г-ѓа Даловеј на Вулф. Таа живее во Њујорк и е вљубена во пријател (Ед Харис) кој умира од СИДА.

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.

• Задржете ја контролата над она што го правите за да не ги повредите чувствата на оние што ги сакате. Во вечерните часови оддајте се на вашето омилено хоби за да се опуштите. Денеска ќе бидете многу чувствителни и вашето расположение ќе зависи од тоа дали вашите роднини ви го даваат она што ви треба. Немате потреба за грижи, но внимавајте на телесната тежина.

**Бик**
21.4 - 20.5.

• Во љубовните работи ќе бидете нереални. Ќе гледате нешто што во реалноста не постои. Затоа држете се до реалноста, каква и да е. На професионално поле, ќе ви се чини како обрачот околу вас да се стега и притисоците ќе ги забележувате. Ќе избегате во својот свет на соништата. Здравје и совет: Соочете се со светот на реалноста, тоа е здраво.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.

• Убавите гестови на луѓето ќе ве усреќуваат и ќе ви ја враќаат вербата во човештвото. Сепак, не очекувајте го тоа од секого. Многу ве иритираат коментарите од околината за вашиот љубовен живот. Здравјето ќе ви биде чувствително, но, избегнувајте премногу напор, а особено стрес. Вашата чувствителност може да се одрази на желудечни тегоби или проблеми со варењето.

**Рак**
22.6 - 22.7.

• Изборете се со вашите внатрешни „демони“ за да имате хармоничен живот. Денес соочете се со вашите стравови и престанете да ги обвинувате другите за неуспесите. Можете да победите, треба само да сакате. Многу Ракови ќе откријат дека пропуштиле многу шанси додека стоеле во нивната безбедна зона. Наздравете за оние што допрва доаѓаат.

**Лав**
23.7 - 23.8.

• Славете ги вашите успеси, колку и мали да се тие. За оние што не се во врска, ова е еден здодевен ден без промени. Ако сте во врска, тогаш таа е стабилна. Со партнерот сте изградиле таков однос што и двајцата мислите само на вас, а тоа е нешто од добро. Денот ќе мине без проблеми. Сигурно е дека ништо не е сигурно.

**Девица**
24.8 - 23.9.

• Во љубовта работите се менуваат на подобро, а тоа вам ќе ви донесе дополнителна среќа. Погледнете кои луѓе може да ви помогнат, каде да најдете повеќе информации и како да ги презентирате вашите идеи, така што и вашите шефови и колеги да можат подобро да ги разберат. Имате можност да се докажете пред партнерот, но и пред членовите на семејството.

**Вага**
24.9 - 23.10.

• Расположението ќе ви биде променливо денес. На моменти некои работи ќе ги сфаќате пресериозно, но не одете многу далеку. Ви треба некој да ве врати во реалноста. На љубовно поле, разберете си ги подобро емоциите. Разговарајте смирено. Би можеле малку да се изнервирате, зашто работите не се дефинирани. Избегнувајте говор на омраза.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.

• Бидејќи сте опседнати со работи и проблеми од други аспекти во вашиот живот, сосема заборавате на здравјето. Сфатете го сериозно вашето здравје и не ги игнорирајте симптомите кои ви ги испраќа телото. Денеска почнете да приготвувате поздрави јадења, да пиете повеќе течности и да вежбате. Да, вашиот дом е местото од каде треба да ги започнете промените.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.

• На љубовно поле, особено е значајна емотивноста со која зрачите. Саканата личност ќе ве прифати, ќе ве теши и ќе понежна кон вас. Токму тоа ви е потребно во овој период. На професионално поле, оние што се занимаваат со креативна или уметничка работа, денеска ќе имаат посебна инспирација. Идеите во глава преточете ги во дела. Ќе се изненадите од сопствената умешност.

**Јарец**
22.12 - 20.1.

• Кој вика дека денот не може да помине добро и од дома? Ќе си ја избистрите главата и ќе се ослободите малку од грижите и проблемите, а на некои од нив ќе најдете решение. Во добра форма сте, потрудете се уште поздраво да се храните. На љубовно поле ќе бидете директни и ќе внесете хармонија. Барате совршеност, но мора да се приспособите на условите.

**Водолија**
21.1 - 18.2.

• Нема да ви недостасуваат романтични средби, искористете ги и не ги штедите емоциите! Добар период за инвестиции. А може и поднова – нов стан или нов автомобил. Иако е кризно време, очигледно тоа вас не ве погодува. Лесно ќе можете да ги изразите вашите мисли, па ќе бидете одличен соговорник. Слушајте ги советите од лекарите и вашите најблиски.

**Риби**
20.2 - 20.3.

• Вашиот партнер минува низ тежок период, во кој му треба разбирање и охрабрување, а не критикување. Разбудете ја вашата нежна страна и грижете се за неговите чувства. Тоа ќе ви биде возвратно. Можно е да добиете изненадување од партнерот. Тоа можеби нема да биде скап подарок, но бескрајно ќе ве усреќи.

Врз основа на член 27 од Статутот на Акционерско друштво, фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА Скопје, а во врска со членовите 383, 384, 387 и 388 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на АД ЕВРОПА Скопје објавува

## ПОВИК

**до акционерите за учество на Собрание на акционери на АД ЕВРОПА Скопје.**
**Собранието ќе се одржи на 14 мај 2020 година (четврток) со почеток во 12 часот во просториите во седиштето на друштвото на ул.808 број 8 во Скопје.**
**За Годишното Собрание на акционери на друштвото се предлага следниот**

### ДНЕВЕН РЕД

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**

1. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери ;
2. Избор на Претседавач на Собранието;
3. Избор на записничар (записникот ќе го води нотар) ;
4. Усвојување на Дневен ред;

**II. РАБОТЕН ДЕЛ:**

1. Усвојување на Записникот од Собранието на акционери на друштвото одржано на ден 6 мај 2019 година.
2. Разгледување и усвојување на Извештајот за економско и финансиската ревизија на АД ЕВРОПА Скопје за деловната 2019 година ревидиран од страна на овластен ревизор.
3. Разгледување и усвојување на Консолидирани финансиски извештаи на групата ЕВРОПА за деловната 2019 година ревидирани од страна на овластен ревизор.
4. Разгледување и усвојување на Годишната сметка на АД ЕВРОПА Скопје за деловната 2019 година.
5. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидиран извештај за групата ЕВРОПА за деловната 2019 година.
6. Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје во периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година.
7. Предлог Одлука за распределба-употреба на добивката.
8. Предлог Одлука за определување на износ и датуми за исплата на дивиденда.
9. Разгледување и одобрување на извештајот поднесен од неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата на работењето на друштвото во 2019 година.
10. Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори во 2019 година.
11. Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година.
12. Назначување на ревизорско друштво за ревизија на работењето на друштвото за 2020 година.

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се доставаат до АД ЕВРОПА Скопје ул. „808" бр. 8 Скопје.

Секој акционер може да овласти, со полномошно свој полномошник на Собранието, со давање на полномошно во писмена форма.

Акционерот треба во писмена форма веднаш да го извести друштвото за секое дадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Полномошникот може да гласа по сопствена определба но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој му го дал полномошното, освен во случај ако полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање.

Акционерите можат да гласаат по точките од дневен ред и предложените одлуки по материјалите објавени заедно со повикот, со пополнување на образец за гласање со кореспонденција, кој е објавен на официјалната интернет страна на друштвото evropa.com.mk.

Уредно пополнетиот образец за гласање со кореспонденција, акционерот треба да го достави во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот правно лице.

Заедно со пополнетиот образец за гласање со кореспонденција, заради потребите на идентификација, секој акционер физичко лице е потребно да достави и копија од документ за идентификација (лична карта/патна исправа).

Заедно со пополнетиот образец за гласање со кореспонденција, заради потребите на идентификација, секој акционер правно лице е потребно да достави и копија од важечка тековна состојба за правното лице акционер и копија од документ за идентификација (лична карта/патна исправа) на законскиот застапник на правното лице.

Образецот за гласање со кореспонденција во оригинал заедно со погоре наведените документи за идентификација, со назнака „За Собрание на акционери" мора да бидат примени во седиштето на друштвото АД ЕВРОПА Скопје на ул.808 број 8, 1000 Скопје најдоцна до 13 мај до 15 часот.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и ЗТД. Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин определен со Статутот и ЗТД.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки доставено во писмена форма до Одборот на директори на друштвото, со приложено образложение за предложената точка, како и да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред, а сето тоа во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој повик.

Акционерите можат да поставуваат прашања до друштвото за точките од дневниот ред во рок од 8 дена од денот на објавувањето.

Материјалите и документите подготвени за Собранието како и дополнителните информации согласно Законот за трговските друштва, се достапни на акционерите, секој работен ден во просториите на седиштето на друштвото од 12 до 14 часот како и на официјалната интернет страница www.evropa.com.mk

**Одбор на директори на**
**АД ЕВРОПА Скопје**




СЕКОЈ ПЕТОК ќе имате можност да добиете одговор на сите прашања на кои немате одговор! Изрежете го талонот, соодветно пополнете ги празните места, испратете го на нашата адреса, а **ПРОФ. ДР. ЗВЕЗДНА ГЕОРГИЕВА** ТОЧНО ЌЕ ВИ ОДГОВОРИ НА ЕДНО ПРАШАЊЕ!

* Поради големиот обем на доставени прашања, доколку не го пронајдете вашиот одговор, истиот ќе биде објавен во некое од следните петочни печатени изданија.

Проф. доктор по психологија и јасновидец, феномен на балканот!

Шеф на катедрата по квантова медицина и психологија - Москва

Член на меѓународна академија за духовен развој и иновациони технологии -Москва

Член на меѓународната професионална асоцијација по психологија и комплементарна медицина - Москва

Член на меѓународната московска академија по национална безбедност

**ТАЛОН**

Овие податоци нема да се објават, освен името со кое сакате да се претставите, вашето прашање и одговорот!

Име со кое сакате да се претставите:

Датум на раѓање (на лицето за кое прашувате):

Име (на лицето за кое прашувате):

Вашето прашање:

Датум на талон: 14.4.2020 за објава во идно петочно издание 21.4.2020)

* овој талон може да го доставите по пошта на нашата адреса (Кеј 13 Ноември, бр. 3/1-238)или по електронски пат, пополнет и сликан или скениран на е-маил адресата marketing@pecat.mk.

Доколку не го сликате датумот на самиот талон, истиот ќе биде неважачки.

**Јулијана: Јас сум многу чувствителна,несигурна и исплашена од сè што ми се случува во животот.**

Госпоѓо, Вие веќе пет години сте во депресија. Дозволивте да Ве обземе срам,апатија и многу лоша негативна енергија. Ве советувам да започнете да применувате техники за медитација и духовноа визуелизација, па на тој начин да ја обновите Вашата енергија, за да можете да ја излезете од депресивната состојба.

**Гордана:**

Нашиот син скоро 15 години се лекуваше од депресија и алкохолизам со разни тешки лекарства. Откако започнавме третман кај професорката Звездана неговата состојба многу се подобри. Затоа, сакам во име на целото семејство јавно да Ви се заблагодарам. Многу сме задоволни од Вашиот третман и внимание што ни го дадовте во првата фаза од вашата помош, ние продолжуваме понатаму сè додека тој целосно не се откаже од алкохолот и не излезе од депресивна состојба.

**Осаман: Долго време сум сам. Дали можам да се надевам на врска во блиска иднина?**

Господине, според Вашиот вселенски код, имате многу добро подредена судбина. Досега, посветивте поголемо внимание на Вашата кариера и затоа го оставивте личниот живот во позадина. Оваа година, предодредено Ви е да го сретнете Вашиот духовен парнер, и тоа баш на Вашиот роденден. Ве чека возбудлива врска, а од Вас зависи дали ќе ја развивате во брак. Ви посакувам среќа и среќа.

**Тино: Загрижената баба прашува за внукот. Мојот внук има проблем со алкохол и депресија, затоа ја барам Вашата помош како професионалец.**

Госпоѓо, Вашиот внук има проблем со алкохол и депресија, затоа што во детството претрпел голем стрес и тоа довело до проблеми во неговата психа и нервниот систем. Ве советувам да ми донесете слика од него за да можам да му помогнам и да го извадам од оваа сериозна состојба на депресија, а потоа ќе го третираме неговиот алкохолизам. Јас ќе му помогнам на Вашиот внук исто како што им помогнав на многу луѓе во изминатите 30 години.

**Лилјана: Дали ќе оздравам?**

Госпоѓо, веќе две години имате проблеми и се борите со Вашето психичко и физичко здравје. Вие сте веќе изморени и јас целосно Ве разбирам. Иако резултатите од сите испитувања Ви се нормални, Вие сепак се чувствуваште исцрпено и немоќно. Потребен Ви е енергетски третман. Што се однесува до Вашата среќа со мажите, нормално е да бидете загрижени на Ваша возраст. Вие двапати сте одбиле да стапите во брак и веќе сте фрустрирани и имате недоверба во мажите. Ве советувам да имате поголема верба во себе, да верувате во Вашата интуиција.

**Горде: Водам судски спор за еден стан. Каков ќе биде епилогот?**

Гордана, ја направивте вистинската работа со тоа што сте решиле по судски пат да го решите Вашиот спор околу станот. Вие сте многу наследници кои сакаат да го поседуваат овој стан и затоа не можете да го решите на друг начин, освен преку суд. Ве охрабрувам да остнете трпеливи, бидејќи овој стан на крај ќе биде Ваш. Ви посакувам среќа и успех.

*Искрено,*
*Проф. др. Звездна Георгиева*

Закажете го вашиот термин од **понеделник до петок** од **09 до 17 часот** на **075 688 588**

Проф. др. Звездна Георгиева завршила психоанализа на Меѓународниот славјански институт во Москва. Магистер е по социјална и трудова психологија, Меѓународно трудово право, сметководство и контрола. Подоцна се запишала на клиничка психологија во Русија, а сега е магистер на Универзитетот по парапсихилогија во Калифорнија. Автор е на многубројни публикации и веќе 25 години организира предавања за излекување на духот. Вели дека нејзините услуги ги користеле многу бугарски политичари и влијателни луѓе од американската политичка сцена. На нејзиниот список со клиенти има и актери, пејачи и спортисти. Во родната Бугарија го предвидела враќањето на царот Симеон Саксобурготски уште во 1995 година по 50 години бегтство, падот на Бојко Борисов и востанувањето на новата влада на Орешарски. Со прецизност го предвиде и крајот на Елцин и почетокот на ерата на на владеењето на Путин. Работела и како советник на Владата на Станишев, односно во кабинетот на министерот за труд и социјална политика.

СП.
СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
Мозаик
**Вторник 14 април 2020**
Број 1934 | Година VIII

**Интервју со презвитер Бобан Митевски.**

# За Велигден наместо во црква, кажете си лична молитва во својот дом

Ситуацијата наложува посетите на храмовите да се прават на начинот што го гледаме кај банките, маркетите и сл. Ако таму може, или досега можеше, зошто да не може во храмот, вели презвитер Бобан Митевски за „Слободен печат“.



**Кристина Апостолова**

**● Отец Бобан, се ближи еден од најголемите верски и семејни празници Велигден, кој верниците долго и со радост отсекогаш го очекувале. Во време од заканата за ширење на кронавирусот, оваа атмосфера отсуствува, а деновиве Светиот архијерејски синод на МПЦ-ОА, објави дека светите литургии и сите богослужби ќе се одржуваат со неколкумина свештеници и со најмногу петмина верници. Може ли да ни објасните што токму тоа ќе значи?**

- Ситуацијата налага сите, како заедница, да учествуваме во спроведувањето на тоа што, согласно со експертизата на стручните лица, ќе помогне во полесно и побрзо надминување на кризата со пандемијата. Светиот архиерејски синод беше јасен во своите соопштенија и го повика верниот народ на еден невообичаен подвиг во овие денови на Светиот пост и на Пасха: останувањето дома да се искористи за повеќе молитва; општата молитва во храмот, во овој период, да се надополни со личната молитва во домовите.

**● Верниците за Велигден и годинава се подготвуваат со шестнеделен пост. Пораката од МПЦ-ОА е дека со благослов на надлежниот епархиски архијереј, во своите парохиски храмови, верниците треба да пристапат кон Светата причест, на начин што е веќе востановен и утврден. Во актуелниот миг, на каков начин ќе се пристапува кон Светата причест?**

- Обично верниците доаѓаат или се собираат надвор од храмот, секако запазувајќи ги мерките за потребната раздалеченост, што и се менацира од вработените во самите храмови. Кога ќе настапи моментот за причестување, верниците пристапуваат еден по еден, без создавање поголеми групи, се причестуваат и го напуштаат храмот. Значи, внатре во храмот не присуствува група луѓе, иако кој сака може да ја следи службата надвор, преку разгласот. Секако, на потребната раздалеченост едни од други.

**Бидејќи Велигден е секогаш во недела, а согласно со мерките викендот е целосно забранет за движење, верниците годинава ќе останат во своите домови, правејќи ги домовите и срцата место за Воскресението. Во оваа пригода би повикал времето да се искористи за молитва, да се искористи за следење на богослуженијата кои ќе се пренесуваат во телевизискиот и интернет просторот.**

**● За повозрасните, изнемоштените и за болните, рековте дека доколку имаат духовна потреба, треба да се најават кај своите парохиски свештеници за да бидат причестени во домашни услови. Дали со тоа свештениците во некои семејства нема потенцијално да се изложат на опасност, затоа што врвот на епидемијата во државата се очекува токму околу Велигден?**

- Како свештенослужители сме обврзани да одговориме на потребите на верниот народ. Свештената историја на Православната црква покажува вакво или слично искуство, кога свештениците и во времињата на пандемиите со колера и други заразни болести, пружале пастирска грижа за паството. Секако, на овие посети свештениците одат со соодветна заштита, со маски и со ракавици.

**● Дали Црквата размислува како да ја обезбедува социјалната дистанца и на Величетврток, кога секогаш граѓаните традиционално ги посетуваат храмовите. Ноќта на воскреснувањето на Исус Христос, поради полицискиот час граѓаните нема да бидат во можност да дојдат во близина на храмовите, за да ја слушнат среќната вест „Христос воскресе“?**

- Секако дека мерката за неприсуство на повеќе од петмина во храмот ќе се запазува, но храмовите ќе бидат достапни за верниците за да може да се поклонат пред Распетието Христово и пред плаштаницата со упокоеното тело на Спасителот. Посетите на храмовите би се правеле на начинот што го гледаме кај банките, маркетите и сл. Ако таму може, или досега можеше, зошто да не може во храмот?

Бидејќи Велигден е секогаш во недела, а согласно со мерките викендот е целосно забранет за движење, верниците годинава ќе останат во своите домови, правејќи ги домовите и срцата место за Воскресението. Во оваа пригода би повикал времето да се искористи за молитва, да се искористи за следење на богослуженијата кои ќе се пренесуваат во телевизискиот и интернет просторот. Не е едноставно, за ниеден православен христијанин не е лесно ниту посакувано да има ваков Велигден, дај Боже да е последно додека трае светот и векот, но ќе се смириме и ќе ја прифатиме волјата Божја, ќе истраеме.

**● Бидејќи е забрането одењето по гости за да се честита Велигден, а секогаш за овој голем празник семејствата се посетуваат и си го честитаат, дали Црквата ќе упати порака до верниците како дома да го прославаат овој голем христијански празник?**

- Домашниот амбиент на Велигден не спаѓа во сферата на црковното, но сепак човекот треба да биде достоинствен и богоподобен и во храмот, и на улица и во домот. Тоа значи дека во духот на верата, со молитва, во скромност и смирение, во избегнување на изобилна храна и пиење, во полезни разговори, во еден дух на ведрост и радост треба сите да го празнуваме Велигден во домовите.

***Добра Пасха вам и на вашите читатели!.***

